Поделбата на часови и класно раководство на наставниот кадар може да претрпи промени во зависност од потребите.

### 8.3. Работа во смени

Воспитно-образовната работа се организира во една смена со почеток од 7:45 часот и завршува во 13.10 часот.

Наставата се остварува преку наставните планови и програми за деветгодишно образование, предложени од БРО и донесени од министерот за образование и наука.

### 8.4. Јазик /јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| **Број на паралелки** | 23 | | | | |
| **Број на ученици** | 158 | | | | |
| **Број на наставници** | 35 | | | | |

### 8.5. Проширена програма

Во ООУ „Климент Охридски“ – Облешево им се нуди на родителите и учениците проширена програма која опфаќа организирање прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовна настава и еден час по завршување на редовната настава и доколку има интерес од страна на родителите прифаќање и заштита на учениците ќе се организира од страна на наставниците кои предаваат во прво , второ и трето одделение.
Училиштето организира продолжен престој во централното училиште за учениците од 1 до 3 одделение.

**8.6. Комбинирани паралелки**

Во централното училиште ООУ,,Климент Охридски" Облешево има една комбинирана паралелка и тоа IV и V одд , додека во подрачните училишта комбинирани паралелки се

| | Број на комбинирани паралелки | Вид на комбинации | Име и презиме на наставници | Број на ученици |
|---|---|---|---|---|
| Облешево | 1 | IV и V | Емилија Митева | 7 |
| ПУ Кучичино | 3 | I, II и III:<br>IV и V<br>VI и VII<br>VIII и IX | Лепа Ефремова<br>Мише Данилов<br>предметни наставници кои предаваат во одд. | 7<br>5<br>6<br>5 |
| ПУ Чифлик | 2 | I и II<br>IV и V | Емилија Петрова<br>Анета Илиева | 5<br>12 |
| ПУ Теранци | 2 | I, II и III<br>IV и V | Тамара Јованова<br>Габриела Ангелова | 6<br>6 |
| ПУ Бања | 1 | III и V | Александра З.Панова | 10 |

8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

| Странски јазици што се изучуваат | Број на паралелки во кои се изучуваат | Број на ученици |
|---|---|---|
| 1. Англиски јазик | 23 | 158 |
| 2. Француски јазик | 5 | 36 |
| 3. Германски јазик | 5 | 36 |

8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

Наставата по физичко и здравствено образование со учениците во прво, второ, трето и четврто и петто одделение ќе ја реализираат тандем наставници и тоа: одделенски наставник и предметен наставник по Физичко и здравствено образование.

**8.9. Изборна настава**

***АКТИВНОСТИ ЗА ИЗБОР НА НАСТАВЕН ПРЕДМЕТ***

| Ред. Бр. | Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Потесен избор на изборни предмети за следната учебна година | мај | одделенски раководители, психолог, | ученици, родители, наставници, Стручната служба и директор | Задоволување на потребите на учениците според возраста и потенцијалот |
| 2. | Презентирање на наставните програми на изборните предмети пред учениците и родителите | мај | одделенски раководители и предметни наставници | ученици и родители | Да се направи правилен избор за изборните наставни предмети преку запознавање на учениците и родителите со целите на програмата |
| 3. | Спроведување анкета | мај | одделенски раководители | ученици и родители | Се согледува одлуката на учениците и родителите |
| 4. | Анализа на податоците од спроведената анкета | јуни | психолог, директор | наставници, Стручната служба и директор | Се согледува одлуката на мнозинството ученици и родители |

Изборните предмети даваат можност учениците да ги прошират и продлабочат знаењата по одделни наставни предмети и да ги развиваат своите способности. Изборните предмети се избираат со анкетирање на родителите на учениците и анкетирање на учениците од 4, 5, 6, 7, 8, и 9 одделение.

Оваа учебна година изборна настава ќе се изведува по предметите: прв изборен Сликање/цртање /вајарство и втор изборен Фудбал во 4 одд. прв изборен Разрешување конфликти и втор изборен Фудбал во 5 одд. прв изборен Готвење и Образование за животни вештини во 6а, 6б одд.во Облешево и 6 одд. во Кучичино, - Готвење и Образование за животни вештини во 7а, 7б одд. – Облешево и во 7 одд. Во Кучичино, Техничко образование во 8а и 8б одд. Облешево, Танци и народни ора во 8 и 9 одд. Кучичино, Проекти од ликовна уметност во 9а одд.Облешево и Танци и народни ора во 9б одд Облешево.

Изборните предмети во 6 одделение можат да претрпат промена во зависност од потребите на наставниот кадар и училиштето.

### 8.10. Дополнителна настава

Дополнителна настава се организира за ученици од второ до девето одделение кои покажуваат континуирано слаби резултати во учењето, за ученици кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети, за да ги постигнат очекуваните резултати, односно на барање на ученик, негов родител, односностарател или по проценка на наставникот.
Наставникот ја планира дополнителната настава согласно со потребите на учениците.
Распоред за дополнителна настава се доставува најдоцна до 20 септември.

### 8.11. Додатна настава

Додатна настава се организира за учениците од второ до дветто одделние кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмети (талентирани ученици). Наставата ќе се изведува после задолжителната настава.
Распоред за додатна настава се доставува најдоцна до 20 септември.

### 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

Работата со надарените деца е важен сегмент во образовниот систем. Наставникот преку својата работа треба да го препознае и мотивира неговиот индивидуален развој и да го поддржи надареният и талентиран ученик. Цели на програмата за работа со надарени и талентирани ученици: дефинирање на поимот за надареност, да се препознаат и идентификуваат надарените ученици и видот на талентот, практична работа со надарените ученици, следење на развојот и напредокот на

личноста на ученикот, потикнување на мотивацијата на учениците, давање совети на родителите на надарените ученици, развивање на способностите на ученикот, интереси, мотивација и техники на учење, учество на натпревари. Задачи: Идентификација на надарените ученици, изработка на програми за работа, тимска работа на следање на работата на надарените ученици, обезбедување на услови за реализација на програмите, вреднување на резултатите и постигањата на учениците. Врз основа на идентификацијата на надарените ученици ќе се изготват индивидуализирани програми за надарени и талентирани ученици и ќе ги реализираат одговорни наставници во соработка со стручната служба.

8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Идентификација на ученици со посебни образовни потреби врши стручната служба и наставниците. Вклучување на децата со посебни образовни потреби во редовни услови и настава, а со тоа поуспешно функционирање, комуникација, толеранција, еднакви можности во социјалната средина, Флексибилна индивидуализирана поддршка на децата со ПОП од страна на учениците и наставниците, Зголемено и активно учество во инклузивниот и образовниот процес и практична вклученост на родителите на деца со посебни образовни потреби, Изработка на индивидуални образовни планови соодветни на способностите, потребите и подготвеноста на секој ученик.

8.14. Туторска поддршка на учениците

Со законот за основно образование Министерството обезбедува дополнителна поддршка за учениците, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Дополнителната поддршка , ги реализира тутор-волонтер, согласно со Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, која ја утврдува министерот. Тутор-волонтер, може да биде редовен студент кој доброволно подучува ученици и кој ги исполнува посебните критериумите за избор за тутор-волонтер утврдени во програмата. Согласно законот во месец септември Одделенските раководители, класните раководители, предметните наставници и педагошко-психолошката служба ќе ги информираат учениците за можноста да добијат дополнителна поддршка од тутор-волонтер.

Во училиштето немаме остварено таква практика.

**8.15. План на образовниот медијатор**

Во нашето училиште немаме присуство на медијатор.

**9. Воннаставни активности**

За развивање на различните интереси на учениците во училиштето се организираат воннаставни активности согласно со Концепцијата за воннаставни активности. Во овие активности учениците и наставниците се вклучуваат доброволно. При планирањето, организирањето и спроведувањето воннаставни активности во училиштето, се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаења, вештини и вредности зацртани со Националните стандарди за основно образование, особено за оние содржини кои не се застапени или не се доволно покриени со наставните активности. Воннаставните активности се ориентирани на учениците и прилагодени кон индивидуалните потреби и со разликите меѓу секој од учениците, со цел секој ученик да има можност да ги пронајде и развива своите способности, потенцијали и знаења.

| **Видови воннаставни активности** | | |
|---|---|---|
| 1. Краткотрајни | 2. Подолготрајни | 3. Ученичко организирање |
| Излети и екскурзии | Секции | Заедница на паралелка |
| Еднократни работилници | Клубови | Ученички парламент |
| Акции во училиштето или заедницата | / | Ученички правобранител |
| Проекти | / | / |

Отворен ден по Граѓанско образование

Нашето училиште е едно од училишта кои се избрани да ја потикнуваат демократската клима во училиштата и по тој повод во учебната 2024/2025 година ќе се реализира и Отворен ден за Граѓанско образование. Планирани активности кои ќе бидат реализирани во периодот од септември до декември се:

- Уреди и разубави ја околината со здрави еколошки навики
- “Возење велосипед е здраво, забавно и чисто”
- Работилница за изработка на постери, хамери, цртежи, пораки на македонски и англиски јазик и едукативни флаери на тема:“Чистиот воздух и зеленилото не засега сите нас”.
- Еколошки марш по повод Светскиот ден на еколошките движења на тема: “За поубава, здрава и чиста животна средина”.
- Литературен и ликовен конкурс на тема: “Чиста околина – среќни деца”

Ова се предлог идеи за активности кои во сетпември ќе им бидат презентирани на учениците а тие самите ќе одлучат дали и кои ќе ги одобрат или пак ќе додат и некои нови активности и на тој начин ќе бидат иницијатори за ученички иницијативи. Активностите ќе бидат под менторство и соработка на тимот од училиштето директорот, психологот и наставникот по граѓанско образование.

Забелешка: Оваа програма за Отворен ден по Граѓанско образование може да претрпи одредени промени во иднина.

### 9.1. Училишни спортски клубови

Во нашето училиште се регистрирани два училишни клуба: клуб за фудбал - мажи, и клуб за ракомет- жени. Одговорни се наставниците по физичко и здравствено образование Тошо Геров. Конкретната цел на овие активности е создавање на поздрави, поефикасни и посреќни ученици. Преку овие активности тие имаат можност да се дружат и пред се спортски да се воспитуваат. Активностите ќе се реализираат во текот на целата учебна година во термините предвидени за Слободните ученички активности. Учество можат да земат сите ученици од нашето централно училиште како и учениците од нашите подрачни училишта.

9.2. Секции/Клубови

| СЕКЦИЈА | РЕАЛИЗАТОРИ |
|---|---|
| Литературна секција<br>Драмско-рецитаторска секција | Наставник Верица Иванова<br>Наставник Викторија Накова |
| Англиска секција | Наставник Даринка Стојанова, Добре Јакимов, Владимир Стојанов |
| Француска секција | Наставник Лидија Алексова |
| Географска секција | Наставник Стојан Атанасов |
| Музичка секција | Наставник Иван Богданов |
| Млади математичари | Наставник Гордана Лазарова, Благица Колева |
| Млади физичари | Наставник Јорданчо Иванов |
| Историска секција | Наставник Марија Петрова |
| Секција по биологија и хемија | Наставник Анкица Т.Мастева, Наталија Георгиевска |
| Ликовна секција | Наставник Ирена Митевска Стојанова |
| Спортски секции | Наставник Драгица Николоца, Христина Анастасова, Христијан Лазаров |
| Клуб на кодирање | Наставник Благица Колева |

**9.3. Акции**

Во училиштето учениците со наставниците и останатите вработени реализираат акции.
Истите имаат цел да се развие свеста за хумани односи.
Тие се планираат и се во состав на Годишната програма за работа на училиштето.
На ниво на училиште се организираат собирни и еколошки акции.
Еколошките акции опфакат чистење на училишниот двор,изнесување и фрлање на сметот од училишниот двор и селектирање на истиот.
Засадување на садници во опкружувањето на училиштето,како и засадување и окопување на цвекиња(ружи )во училишниот двор.
Континуирано се изведуваат акции за собирање облека, обувки и прехранбени продукти.
Се организираат доброволни собирнии акции на парични средства за разни потреби на учениците од социјално ранливи категории,за изведување на некој оперативен зафат во и надвор од земјава.
Акциите се изведуваат во соработка со Ученичкиот парламент.

| **Активности** | **Време на реализација** | **Носители** | **Ресурси** |
|---|---|---|---|
| Одбележување на детската недела | 5-9.октомври | Директор<br>Одд.наставници, Психолог<br>Ученици, Родители, Општината | Сопствени извори<br>ЦД плеер, прибор за цртање, |
| Одбележување на интернационален ден против врсничко и сајбер насилство во училиштата | 4 ноември | психолог<br>Наставник по граѓанско образование<br>Наставник по ликовно образование | ЛЦД проектор, прибор за цртање |
| Одбележување на Светскиот денот на толеранцијата | 16 ноември | Директор, Одд.наставници Психолог, Ученици Родители | Сопствени извори<br>ЦД плеер, прибор за цртање, ЛЦД проектор, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Одбележување Светски ден за превенција од насилство врз децата<br><br>Одбележување Светски ден на детето | 19. ноември<br><br>20 ноември | Наставник по граѓанско образование, одделенски наставници, психолог | ЛЦД проектор, лаптоп |
| Одбележување на денот на борба против сидата | 1.декември | Директор, Одд.наставници<br>Психолог, Ученици<br>Родители, Црвен крст | Сопствени извори<br>ЦД плеер, прибор за цртање, ЛЦД проектор, анкети |
| Одбележување Интернационален ден на лицата со попреченост | 3 декември | Наставник по Ф.З.О., Училишен психолог<br>Наставник по граѓанско образование ,ученици | ЛЦД проектор, |
| Меѓународен Ден на човековите права | 10. декември | наставник по граганско обр.<br>училишен психолог | ЛЦД проектор |
| Хуманитарна акција по повод одбележување на денот на солидарноста | 20.декември | Директор, Одд.наставници<br>психолог , ученици, родители | Сопствени извори<br>ЦД плеер, прибор за цртање, ЛЦД проектор |
| Денот на жената | 8. март | Директор, Одд.наставници<br>психолог, Ученици, Родители | Сопствени извори<br>ЦД плеер, прибор за цртање, |
| Еко акции | 21.март | Директор, Одд.наставници,<br>психолог, Ученици, Родители | Сопствени извори<br>ЦД плеер, прибор за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Општина | цртање, ЛЦД проектор |
| Априлијада | 1. април | Директор, Одд.наставници<br>психолог, Ученици, Родители | Сопствени извори<br>ЦД плеер, |
| Велигденски базар | април | Директор, одд. наставници<br>психолог, родители | Сопствени извори |
| Денот на планетата Земја | 20.април | Директор, Одд.наставници<br>психолог, ученици, родители | Сопствени извори<br>ЦД плеер, прибор за цртање, ЛЦД проектор, |
| Отворен ден за Граѓанско образование | Септември-Декември 2023 г. | Директор, Психолог, наставник по Граѓанско образование и претставници од Ученички парламенти и Ученичкиот правобранител | |
| Поттикнување на демократска клима во училиштето | Септември-Декември 2023 г. | Директор, Психолог, наставник по Граѓанско образование и претставници од Ученички парламенти и Ученичкиот правобранител | |

**ЕКОЛОШКИ АКЦИИ И КАМПАЊИ**

Еколошките акции се :
1.Засадување на цвеќиња за разубавување на училниците и ходниците со цвеќиња.
Цел на акцијата: Здрава работна средина, естетски изглед на училиштето.
2. Уредување на задниот дел од дворот и училиштето
Цел на акцијата: Естетско уредување и поврзување на предниот и задниот дел на училишниот двор.
3. Собирање стара хартија
Цел на акцијата: Собирање на средства за набавка на наставни средства и помагала
Кампањи :1. Здрава храна за детство без мана
Цел на кампањата: Поттикнување и подигање на свеста на учениците за здрава храна
2. Начин на водење здрав живот-СПОРТ

Цел на кампањата: Поттикнување и подигнување на свеста на учениците за водење на здрав живот преку спортување Еко- паролата има за цел да спроведува задачи на темите :вода,енергија,отпад,уреден и чисг училишен двор и со тоа да ја подигне еко-свеста кај учениците,вработените, заедницата.

**10. Ученичко организирање и учество**

## План и програма за работа на ученичкиот парламент

**Цел**: Афирмација на работата на Ученичкиот парламент во училиштето

**Задачи:**

Вклучување на учениците во работата на УП

Информирање на учениците од училиштето за работата на УП

Подобрување на општествениот живот на учениците во училиштето и надвор од него

Подигање на нивото на ученичките компетенции

Учество во активностите планирани со Годишната програма за работа на училиштето и Развојниот план на училиштето

Соработка со хуманитарни и НВО организации

**Активности:**

| Време | Назив на активноста | Носители на активноста |
|---|---|---|
| Септември | -Состанок со учениците,формирање УП и изготвување на заеднички план на активности за учебната 2022/2023 год.<br>–Избор на раководство на Ученичкиот парламент<br>–Запознавање членовите на УП со законската рамка на дејствување на парламентот ,со правата и должностите на | Директорот на училиштето, наставниците надлежни за работата со УП, Претседател на УП |

| | | |
|---|---|---|
| | членовите<br>–Усвојување на Програмата за работа на Ученичкиот парламент за оваа учебна година<br>–Определување претставници од УП за стручниот актив за развојното планирање<br>–Избор на претставник од Ученичкиот парламент | |
| Октомври | – Реализација на програмата за ,,Детска Недела,,<br>–Информирање на учениците за прашања од посебно значење за нивното школување<br>–Промовирање добри примери од училишниот живот | Директор на училиште, наставници одговорни за работа со УП, Претседател на УП |
| Ноември | –Разгледување односите на соработка ученици и наставници и атмосферата во училиштето<br>-Проблеми во училишниот живот и дискусија на тема подобрување на условите во училишниот живот и промовирање на љубезно однесување | Директор на училиште, наставници одговорни за работа со УП,<br>Претседател на УП |
| Декември | -Активно учество во животот и работата на училиштето<br>- одбележување на новогодишните празници | Директор на училиште, наставници одговорни за работа со УП, Претседател на УП |
| Јануари-Февруари | -Успех на учениците на крајот на првото полугодие - анализа и мерки за подобрување на успехот | Директор на училиште, Претседател на УП |
| Март | - Одбележување на Меѓународниот ден на жената<br>- Уредување на внатрешноста на училиштето | Директор на училиште, наставници одговорни за работа со УП,<br>Претседател на УП |
| Април | - Одбележување на 1-ви Април Денот на шегата<br>- Помош при организирање на ученички натпревари<br>- Одбележување на Светскиот ден на книгата | Директор на училиште, наставници одговорни за работа со УП, |

| | | |
|---|---|---|
| | - Велигденски базар<br>- Професионална ориентација - застапеност на средните училишта | Претседател на УП |
| мај, Јуни | -Информирање на учениците за прашања од посебна важност за нивното образование<br>- Анализа и проценка на работата на ученичкиот парламент | Директор на училиште, наставници одговорни за работа со УП,<br>Претседател на УП, |
| Во текот на годината | - Давање мислења и предлози на професионалните тела, Совет на родители и директорот за правилата на однесување во училиштето, мерки за безбедност на учениците, годишен работен план, план за развој на училиштата, училишна програма, резултати од самоевалуација, начин на уредување на училишен простор, слободни и воннаставни активности, учество во спортови и други натпревари и организирање на сите манифестации на ученици во училиште и надвор и други прашања од значење за нивното образование.<br>- Членови на УП како врснички воспитувачи - пренесување искуства во нивниот оддел; иницирање активности на ниво на одделенија<br>- Културно - забавен живот на учениците - дизајнирање активности | Директор на училиште, наставници одговорни за работа со УП,<br>Претседател на УП |

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Ученичките екскурзии, еднодневните излети (пролетен и есенски) и наставата во природа ќе се организираат за проширување и продлабочување на знаењата на учениците од одделни воспитно - образовни подрачја и наставни предмети, како и заради спортување, рекреација и други видови педагошко организирање на слободното време на учениците.

Екскурзиите, излетите и наставата во природа се организираат и изведуваат на територијата на нашата држава според Правилникот донесен од министерот за образование и наука.

Училиштето ќе организира екскурзија во траење од еден до три дена и тоа:

-за учениците од III одделение – еден ден, на релација Облешево-Дојран, тим: актив на трето одд.;

-за учениците од VI одделение – два дена, на релација Облешево- Скопје тим: актив на шесто одд.;

- за учениците од V одделение – 3 дена Настава во природа, тим: актив на петто одд.;

-за учениците од VIII одделение наставно научна екскурзија на релација Облешево Скопје,

-за учениците од завршното одделение IX одд. – три дена, на релација Облешево-Охрид, тим: актив на деветто одд.;

- еднодневен пролетен и есенски излет, одговорен – директор и наставен кадар;

- еднодневна екскурзија на ниво на училиште, одговорен – директор и наставен кадар.

11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишните активности

Екскурзии се планираат и изведуваат со учениците од трето, шесто и деветто одделение по претходно изработена Програма за екскурзии во времетраење од :
- за учениците од трето одделение ( еден ден )
- за учениците од шесто одделение ( два дена )
- за учениците од деветто одделение ( три дена )

Училиштето организира излети за сите ученици најмногу двапати во учебната година, во есен и во пролет, а се изведуваат во поблиската околина во траење од еден ден.
Настава во природа се организира со ученици од петто одделение во траење од три дена еднаш во учебната година.

**12. Натпревари за учениците**

Најдобрите ученици ќе учествуваат на ученичките натпревари преку кои учениците ќе можат да ги продлабочуваат, прошируваат и збогатуваат своите знаења. Најдобрите и најуспешни ученици ќе земат учество на општинските, регионалните и државните натпревари кои ќе бидат огранизирани по предметите математика, македонски јазик, англиски јазик, физичко и здравствено образование,природни науки, биологија, техничко образование, Spelling Bee-натпревар по спелување. За ученичките натпревари се изготвува соодветна програма за реализација на планирани ученички натпревари која е во прилозите на Годишната програма за работа на училиштето.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција

Училиштето води политика за промовирање на етничка, културна и верска разноликост во училиштето. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, но се запознаваат и со културата и традицијата на другите етнички заедници во Р. Македонија.

Оваа учебна година ќе продолжи да се реализира *Проектот за Меѓуетничка интеграција во образованието, со кој* ќе се реализираат наставни и вонаставни активности во училиштето но и активности со партнер училиштето ООУ„Али Фетих Окјар“ поранешно ОУ„Вера Цировири-Трена“) преку кои учениците повеќе ќе се запознаваат со културата и традицијата на другите етнички заедници во Р.С. Македонија.

***АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА* МИО *ВО ОБРАЗОВАНИЕТО МЕЃУ ПАРТНЕР-УЧИЛИШТАТА***
***ООУ„Климент Охридски“-Облешево и ООУ„Али Фетих Окјар“ (поранешно ОУ„Вера Цировири-Трена“)-Дебреште***

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТИ | НОСИТЕЛИ | РЕСУРСИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Професионална соработка меѓу наставниците со различни наставни јазици | Интегрирани часови со партнер училиштето, размена на искуства и иновација во наставата | Наставници<br>стручна служба | Електронска комуникација, средби | По договор во текот на учебната година | Соработка меѓу наставници со различни наставни јазици, размена на искуства и иновација во наставата |
| Запознавање со јазикот, куптурата, традиција на другите етникуми | Активности поврзани со литературата, историјата | Ученици, наставници, Стручна служба | интернет | Во текот на годината | Запознавање со јазикот, куптурата, традиција на другите етникуми |
| Претставување на свои традиционални јадења и запознавање со јадења од друга култура | Приготвување на храна и Саем на храна во духот на традиционални јадења | Членови на СИТ, Директор, наставници, ученици | интернет | 16 октомври | Запознавање традиционалните јадења од другите етникуми |
| Соработка, дружење, Прифаќање на меѓусебните сличности и почитување на меѓусебните разлики | Реализација на квизот „Заедно учиме“ и дебата „Образованието врата кон успехот“ | Членови на СИТ, Директор Наставници, ученици, | интернет | Април | Подобра комуникација и соработка изградени интергрупни релации, Прифаќање на меѓусебните сличности и почитување на меѓусебните разлики |

**Тим за МИО:Јорданче Костадинов – директор, Јасмина Данилова Давиткова- психолог, Благица Колева, Даринка Стојанова пред.наставници, Венцо Мишков, Мише Данилов одд.наставници, Стефан Коцев– училишен правобранител**

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Проект **Интеграција на еколошката едукација во образованието** Училиштето во соработка со Еко-одборот врши интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветното одделение. Секој наставник и стручен актив избира еколошки содржини од приложените еколошки содржини од сите 9 теми, кои се во корелација со неговите наставни содржини кои ги предава во соодветните одделенија. По изборот на еколошките содржини, изготвува план за интегрирање на еколошката содржина во наставата и во текот на годината истиот го реализира.

Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита и унапредување на животната средина. Учениците, наставниците, останатите вработени и поширокаата заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина.

Проект **„Меѓуетничка интеграција во образованието“**(МИО) Целта на овој проект е интегрирано мултиетничко општество кое започнува да се применува во училиштата Наставниот кадар во своите планирања има испланирано одреден број самостојни мултикултурни активности, но и одреден број на заеднички активности кои треба да ги реализира со партнер училиштето. Тим за МИО: Драгица Николова – директор, Јасмина Данилова Давиткова- психолог, Благица Колева, Даринка Стојанова пред.наставници, Венцо Мишков, Мише Данилов одд.наставници, Стефан Коцев- ученички правобранител.

**Проект - „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“** во реализација на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Единствена цел на проектототи фокус се учениците, нивното правилно насочување и придонес кон социо-културолошкиот развој, преку факултативна интеракција и дружење со родителите и наставниците Проектот овозможува зајакнување на врската родител-ученик-наставник, што пак значи јакнење на воспитната компонента преку заеднички активности во училиштето, предавања, работилници во кои се вклучени родителите како предавачи, односно преку организирање спортски, културни, забавни и едукативни активности.

Проект Образовен додаток за редовни ученици од социјално загрозени семејства кој се реализира во соработка со Министерството за труд и социјална политика и МОН со цел подобрување на редовноста на учениците во наставата.

**Критичко размислување и решавање на проблеми во наставата**

Новата програма на Британскиот совет во соработка со МОН во рамки на, „Училишта на 21 век“, е подготвена да ги поддржи училиштата во Западен Балкан да воведат иновативна наставна методологија (Употреба на MICROBIT) во наставата и да им помогне на учениците да се стекнат со неопходни дигитални вештини, вештини за решавање проблеми и за критичко размислување потребни за нивното идно образование и кариера. По повикот за апликанти, кој беше отворен за сите училишта во Западен Балкан, во нашето училиште беше имплементирана оваа нова програма. Наставници од предметна настава се обучени да ја применат новата програма за критичко размислување и решавање на проблеми во наставата и да кодираат со уредот MICROBIT. Стекнатите знаења ќе ги применат заедно со учениците за време на часовите и воннаставните и слободни ученички активности.

**15. Поддршка на учениците**

15.1. Постигнување на учениците

Тргнувајки од основната цел и задача на училиштето да биде во служба и функција на учениците, нашиот колектив исклучително се залага да придонесе за унапредување на постигнувањата на учениците, а воедно да биде нивна поддршка во процесот.

На наставничките совети се прави споредба со минатогодишните резултати на полугодие и тие од оваа учебна година, како и споредбени резултати и на крајот на учебната година со резултатите од истиот период од претходната учебна година

Стручниот соработник во нашето училиште води редовна евиденција на сите постигнувања на нашите ученици кои достојно го претставуваат нашето училиште во сите натпреварувања организирани од БРО.

Нашето училиште јавно ги пофали и соодветно ги награди сите заслужни за постигнатите резултати во последните години и ќе продолжи да го спроведува истото и во следните години. На сите ученици им беа доделени посебни пофалници за постигнатите резултати.

15.2. Професионална ориентација на учениците

. Професионалната ориентација на учениците во училиштето ја реализира училишниот психолог.

Во месец мај се организираат презентации од страна на средните училишта на кои тие ги прикажуваат различни занимања и професии со кои можат да се стекнат учениците.
Се следи уписот на учениците во средните училишта преку повратна информација од средните училишта каде се запишани нашите ученици податоците се доставуваат до МОН-ДПИ.

**15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација**

Училиштето презема мерки за намалување на дискриминацијата на учениците, нивна заштита од насилство, злоупотреба и сл.

Во тој контекст редовно се одржуваат работилници и тоа и од страна на одделенските раководители за време на одделенските часови и од страна на стручната служба.

Стручниот соработник психолог и наставниците остваруваат советодавна работа со учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Директорот на

училиштето е должен да го пријави секој облик на насилство, злоупотреба или занемарување сторено врз ученик од страна на друг ученик, родител односно старател, наставник, стручен соработник или кое било друго лице кое е вработено во училиштето, до надлежните институции утврдени со закон. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР, Центарот за социјална работа, Здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците. Воедно тимови од МВР за учениците од одделенска настава вршат обука за однесување на учениците во сообраќајот, а за вишите одделенија вршат предавања за едуцирање на учениците за заштита од алкохол и наркотици, како и заштита од пиротехнички материјали.

## 16. Оценување

### 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Во зависност од образовниот период, оценувањето е описно, бројчано или комбинирано. Учениците од првиот период (од прво до трето одделение) се оценуваат описно, учениците од вториот образовен период (од четврто до шестто одделение) се оценуваат комбинирано, а учениците од третиот образовен период (од седмо до деветто одделение) се оценуваат бројчано.

Комбинираното оценување за учениците од вториот образовен период подразбира описно оценување во текот на учебната година, а бројчано само на крајот на учебната година.

Во текот на учебната година, наставниците спроведуваат дијагностичко,формативно, микросумативно и сумативно оценување.

На почетокот од учебната година наставниците вршат дијагностичко оценување,проверка на предзнаењата на учениците, со цел подобро планирање на понатамошните активности во работата со учениците.

Континуирано, во текот на наставата, наставниците спроведуваат формативно оценување, кое подразбира следење на учениците во текот на целата учебна година и формирање на објективни описи за постигањата на учениците.

На крајот од секое тримесечје, врз основа на сознанијата од формативното оценување се реализира микросумативно оценување, од чиишто резултати се оформуваат тримесечните описни или бројчани вреднувања на постигањата на учениците.

На крајот од првото и второто тримесечје учениците добиваат евидентен лист, во кој се дадени микросумативни описни или бројчани оценки (во зависност од периодот) за постигањата на учениците по предмети.

На крајот од првото полугодие од учебната година, учениците од прво до шесто одделение добиваат евидентен лист со сумативни описни оценки, а учениците од седмо до деветто одделение добиваат евидентен лист со сумативни бројчани оценки.

На крајот од учебната година учениците од прво до трето одделение добиваат свидетелства со сумативни описни оценки, а учениците од четврто до деветто одделение добиваат свидетелство со сумативни бројчани оценки.

Родителите континуирано се известуваат за постигањата на учениците и тоа на редовните родителски средби, вонредни индивидуални средби и сл.

Во текот на учебната година задолжително се организираат 5 родителски средби, од кои последната е исклучително за соопштување на успехот и поведението на учениците на крајот од учебната година.

16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење анализа и подршка : психологот, и наставниците.
Анализа за постигањата на учениците за секој квалификациски период од учебната година на ниво на паралелка врши секој одделенски раководител, а на ниво на одделение и училиште врши психологот.

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Директорот и стручната служба во текот на учебната година вршат посета на наставни часови, со цел вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар, како и давање насоки со цел подобрување на квалитетот на наставата.
Секој наставник е посетен од страна на директорот и стручната служба еднаш или два пати во прво полугодие од два до четири пати во текот на учебната година во зависност од можностите.
По секој посетен наставен час се врши разговор со наставникот, со цел давање повратна информација и евентуално давање насоки и предлози за подобрување на планирањето и реализацијата на наставата.

16.4. Самоевалуација на училиштето

Училиштето на секои две години, согласно Законот за основно образование спроведува самоевалвација на сопствената работа и постигања. По спроведената самоевалвација училишната комисија изготвува извештај во кој се определени јаките и слабите страни во работењето на училиштето и се даваат предлози и препораки за подобрување. Изготвениот извештај го доставува до Училишниот одбор, директорот на училиштето, основачот.

Членови на Комисија за спроведување на самоевалуација се : Јасмина Данилова Давиткова, Јулка Димитрова, Драгица Николова, Благица Колева и Христина Јанева.

Самоевалуацијата на учлиштето се спроведува јуни учебна 2023/2024година.

| **План за изготвување на самоевалуација** | | |
|---|---|---|
| | **Подрачје** | **Одговорни наставници** |
| 1 | **Планирање настава и учење** | **Гордана Лазарова** |
| 2 | **Постигања на учениците** | **Анкица Тушева Мастева** |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | **Училишна клима и однос во училиштето** | **Верица Иванова** |
| 4 | **Управување раководење и креирање политики** | **Сузана Г.Јованова** |

## 17. Безбедност во училиштето

- ООУ „Климент Охридски“ – Облешево во рамките на својата дејност се грижи за безбедноста во училиштето преку изготвување на План за организирање на заштита и спасување на вработените, учениците и имотот.

| Ред. Бр. | Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Изработка на распоред за дежурства на наставниците | Прва недела на септември | Директор, одговорен наставник за изготвување распоред на наставните часови од предметна и од одделенска настава | Ученици, наставници | Поголема безбедност и контрола на движењето на учениците во училишната зграда и училишниот двор. |
| 2. | Предавање за безбедноста во сообраќајот: „Безбедно до училиште“ | Октомври | Гостин од Полициска станица, сообраќаец Наставник по техничко образование | За учениците од првиот период на деветгодишното основно образование | Најмалите ученици да ги научат основните правила во сообраќајот, потребни за нивно безбедно и самостојно пристигнување во училиште. |
| 3. | Основање на секција за прва помош и заштита | Еднаш месечно во текот на учебната година. | Наставници по биологија | Ученици од вториот и третиот период на деветгодишно основно образование | Учениците знаат како да постапат кога треба да се укаже прва помош. Учениците да постапуваат според претходно подготвени процедури |

Училиштето се грижи постојано нашите ученици да се чувствуваат безбедно и да бидат безбедни во училиштето. Тоа се постигнува преку воведување и применување разни содржини на организирање дежурства, имено има дежурни наставници во текот на целиот наставен ден кои се присутни при доаѓање на учениците, за време на одморите и при нивното заминување од училиштето. Тие ја следат состојбата во училишните ходници но исто така и во училниците. Секако тоа придонесува за безбеден престој во училиштето.
Исто така, имаме изготвен план за движење при евакуација (пожар, поплава, земјотрес) и за истиот со почетокот научебната година одделенските раководители ги информираат учениците и родителите.
Во соработка со ТПП – Кочани во училиштето се спроведуваат и тактичко показни вежби за евакуација на учениците и наставниците во случај на пожар.
Се организираат тимови составени од ученици(членови на Прва помош-Кочани) и наставник, кои вршат едукација за давање прва помош и заштита.
Учениците се чувствуваат безбедно и прифатено од вработените во училиштето.

## 18. Грижа за здравјето

Имајќи го во предвид доброто здравје и општата благосостојба на вработените, во училиштето се извршуваат санитарни прегледи на вработените во текот на месец август во соработка со ЈЗУ – Кочани, а систематските прегледи се вршат во период од три години.

### 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето пред почетокот на годината ги прави сите неопходни активности за чистење и дезинфекција на просторот пред почетокот на наставата.

Во текот на реализирање на наставата техничкиот персонал е задолжен за организација и реализација на активностите поврзани со чистење и одржување на просторот.
Училиштето континуирано во текот на целата учебна година обезбедува неопходни сретства за чистење и дезинфекција на просторот, како и средства за лична хигена.

Грижата за здравјето на учениците ќе биде постојана задача на наставниците и сите вработени училиштето.

### 18.2. Систематски прегледи

Со цел заштита на здравјето на учениците и превенција од разни болести училиштето во соработка со ЈЗУ „Здравен дом“- Кочани спроведуваат систематските и стоматолошки прегледи.
Систематските прегледи се реализираат според распоредот од “Здравен дом” - Кочани и тоа во прво, трето, петто и седмо одделение, како и за вработените во дејноста.

Систематските прегледи се реализирааат без да биде попречен наставниот процес, а учениците се придржувани од одделенските раководители.

18.3. ВАКЦИНИРАЊЕ

Согласно насоките од Министерството, а во соработка со ЈЗУ Здравствен дом-Кочани, заради несакани ефекти, вакцинацијата на учениците ќе се реализира во здравствениот дом. Со календарот за имунизација и вакцинација ќе бидат опфатени учениците од:
прво, второ, трето одделение,седмо одделение – само девојчиња, осмо одделение.

Одговорно лице од училиштето е директорот и стручната служба.

**18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата**

Наставните содржини за здравата исхрана во одделенска настава ќе се реализираат на часовите по природни науки, а во предметна настава на часовите по биологија, вештина за живеење и на одделенскиот час.
Ќе се организираат едукативни предавања од стручни предавачи и родители кои што се едуцирани за соодветни теми.
Во училиштето ќе се реализираат активности од кампањата „Здрава храна за детство без мана“ со цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста кај учениците, а вклучени ќе бидат и родителите.
Во нашето училиште немаме организирано оброк за учениците.

**19. Училишна клима**

**19.1. Дисциплина**

Дисциплината на учениците и вработените е многу добра, постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а наставниците и сите вработените постојано се грижат за дисциплината, однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето.

На почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето.

Се изготвува распоред за дежурни наставници кој без исклучок се следи и спроведува. Следењето на дисциплината и збиднувањата за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазли и секако во училишниот двор. Училиштето соодветно го применува правилникот за изрекување педагошки мерки.

**Акционен план**
Акциониот план се изготвува за подобрување на училишната дисциплина на учениците и вработените. Целта на акциониот план е да се поттикне училишната дисциплината на учениците и вработените за време на одморите во училиштето и училишниот двор.

| Р. бр. | Планирани активности | Време на реализација | Носители на активноста | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| 2. | Определување на одговорни наставници – распоред на дежурства | септември во текот на целата год. | наставници, | Одговорно и доследно спроведување на дежурствата |
| 4. | Изготвување на книга за писмена евиденција | септември во текот на целата год | наставници, | Навремено водење белешки за одржаното дежурсво |
| 5. | Видно и соодветно место за истакнување на списоци за дежурни наставници | септември во текот на целата год | наставници, | Навремено и транспаренто информирање |

## 19.2. ***ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО***

Во училиштето се води грижа за уредувањето и одржувањето на просторот, а и опкружувањето на училиштето. Се води сметка уредувањето да биде функционално, естетско за сите кои што престојуваат во училиштето пријатно да се чувствуваат. Со учество на учениците и наставниците во училиштето, а во некои активности и со учество на родителите се води и континуирана грижа за изгледот и хортикултурно уредување на училишниот двор, одржување на зеленилото, цвеќињата.Тоа е грижа на сите вработени кои во одредени периоди на учебната година преку организирани акции заедно со учениците придонесуваат за убавиот изглед на училиштето.

| Р. Бр. | Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Ресурси | Очекувани резултати | Одговорно лице за следење на активноста |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Уредување на училишниот хол | Во текот на целата година | Комисија за естетско уредување | Одговорни наставници | Убав и уреден простор | Комисија за естетско уредување Директор |
| | Уредување на | Во текот на | Наставници | наставници | Убав и уреден | Комисија за естетско |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | училници | целата година | | | простор | уредување Директор |
| | Уредување на училишниот двор | Во текот на целата година | Одговорни лица и технички персонал | Одговорни лица и технички персонал | Убав и уреден простор | Комисија за естетско уредување Директор |

19.3. ***ЕТИЧКИ КОДЕКСИ***

Во училиштето постојат кодекси на однесување за сите субјекти кои го сочинуваат.

Училиштето има изработено етички кодекси за учениците, родителите, наставниците и останатите вработени во училиштето. Сите се истакнати на видно место во училиштето и во училиштето се стремат кон почитување на овие етички кодекси.

Нашето училиште има изработено Еко-кодекс кој содржи конкретни пораки и правила кон кои ќе се придржуваат сите ученици, училишниот персонал, но и сите вклучени во Програмата. Еко кодексот е изготвен и истакнат на видно место во училиштето.

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето води политика на заемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето постои професионална соработка меѓу вработените. Раководниот и наставниот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано поттинувачка атмосфера во училиштето, што се гледа од нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Вработените ги упатуваат учениците да се грижат за училиштето и едни за други. Сите ученици (без оглед на способностите, родот, верата и потеклото) се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниот кадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците. За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење, т.е нивна континуирана надградба. Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуацијата,

интегралните увиди, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции. Професионалниот развој ќе формира училишна заедница отворена за сите, и со перманентно стручно усовршување ќе овозможи имплементирање на современо и квалитетно образование.

## 20.2. ***АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ***

Училиштето ќе организира најразлични работилници, обуки и семинари кои ќе понудат активности со цел стручно усовршување на наставниците и стручната служба. Се изготвуваат и акциони планови, се спроведува дисеминација од проследени семинари или проекти, се поднесуваат извештаи, се врши и евалуација од којашто подоцна произлегуваат потребите и приоритетите за понатамошни активности за стручно усовршување и професионален развој. Тука значаен дел земаат советувањата и стручните подготовки од страна на БРО, МОН како и други стручни институции од областа на воспитно-образовниот процес, но и училиштето кое самостојно спроведува интерно стручно усовршување на образовниот кадар. Во овој дел ги наведуваме сите училишни (интерни) програмски определби кои придонесуваат за професионален развој и стручно усовршување на стручните соработници и наставниците. Покрај нив, активно ќе учествуваме и на сите семинари и едукативни работилници организирани од Бирото за развој на образованието, УСАИД или други невладини организации.

## ***20.3 ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ***

Поединечното усовршување на образовниот кадар во училиштето подразбира следење на наставниците како и нивно вреднување преку посебно изготвени критериуми и инструменти. Во личен професионален развој вклучено е и мотивирањето на наставниците во насока на учество на обуки и семинари, добивање сертификати и слично. Меѓу другото, тука се вбројува и посетата на конференции, средби од регионален или државен карактер, како и свои пишани и објавени текстови и статии во стручна литература.

Личниот професионален развој подразбира самостојно и независно учење и професионално надоградување на поединецот. Активностите за личниот професионален развој се состојат од своеволно проширување на компентенциите преку курсеви, литература и сл. Секој наставник има свое портфолио во кое се наведени активностите за личниот професионален развој.

### *20.4 ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ*

Дел од професионалниот развој е и хоризонталното учење, процес кога наставниците учат еден од друг. Хоризонталното учење подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаења или размена на професионални искуства во рамките на училиштето или помеѓу училиштата.
Активности кои ќе биде спроведувани како начини на хоризонтално учење:
• Прибирање и разгледување на информации за можноста за професионален развој на национално ниво:
- информации за семинари и други активности за професионален развој во кои може да учествуваат просветни работници;
- информации за акредитирани програми за стручно усовршување на наставниците;
• Совети – поддршка на барање на наставниците или врз основа на следењето на наставниот процес:
- советување на наставниците за различните видови на професионален саморазвој;
- поддршка на наставниците кои имаат потешкотии во работата.
• Формирање на групи од ист интерест за различни области, во кои би работеле повеќе личности кои имаат заеднички интереси.
• Организирање на дебати, панел дискусии, презентации и слично, на кои ќе се разгледуваат теми од образованието
| 29. | Извештај од одржани семинари и советувања. | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 30. | Изработка на извештај од работата на Стручниот актив за изминатата учебна година. | | |

*Одговорен наставник: Иван Богданов наставник по музичко образование*
*Членови на активот:*
-македонски јазик: Верица Иванова *и Викторија Накова*
-англиски јазик: Даринка Стојанова, Добре Јакимов, Владимир Стојанов ----
-- француски јазик: -
историја: Марија Петрова
- граѓанско образование: Стојче Ташовски
-музичко образование: Иван Богданов
-физичко и здравствено образование: Драгица Николова, Христина Анастасова, Христијан Лазаров.

**План и програма од работата на стручниот актив за математика**

**и природните науки 2024/2025**

**Август**

- Одредување на одговорен наставник на активот
- Донесување програма за работа на активот
- Разгледување на наставните програми и планови

---

**Септември**

- Разгледување и изготвување на годишни тематски планирања според упатствата од БРО со посебно и подробно акцентот да се стави на програмата за 5 и 6 одд. по природни науки математика по Кембрич
- Примена на формативно оценување
- Договарање за изготвување на контролни задачи, тестови во оние одделенија и подрачја каде предвидува наставниот план и програма

(одредување на термини, нивниот карактер, функција, цел и намена)

---

**Ноември**

- Анализа на постигнатиот успех на учениците во првото тромесечие од учебната година.

**Декември**

- Согледување од оценувањето, ниво на потребно знаење за одредена оценка.
- Размена на искуства од работата со ученици кои потешко напредуваат.
- Застапеност на корелацијата меѓу наставните содржини и наставни предмети.

**Јануари**

- Разгледување и утврдување на полугодишниот успех на учениците и анализа на сите подрачја од првото полугодие.

**Февруари**

- Увид и осврт на реализираните работни задачи во првото полугодие (слободни ученички активности)
- Меѓусебна посета на наставни часови (со конкретен план за посета, елементи кои ќе се следат на часовите)

**Март**

- Договарање за изработка на тестирање.
- Договарање за родителските средби.
- План за спроведување на училишни натпревари.

**Април**

- Анализа за резултатите од меѓусебните посети на наставните часови (критички осврт, размена на мислења и предлози за подобрување на наставата)
- Подготовка и дискусија околу општинските натпревари.

**Мај**

- Согласувања од остварените цели и задачи од досегашната реализација на наставните програми за V, VI, VII,VIII и IX одделение.
- Сумирање на резултатите од училишните и општинските натпревари.

- Анализа на применетите иновации.
- Анализа на реализираните задачи за унапредување на стручната и методистичка работа на наставниците.

**Јуни**

- Анализа и утврдување на успехот од учебната година.
- Изработка на извештај за работата на стручниот актив за учебната година

**Приоритет:**

| Активности | Динамика |
|---|---|
| Слободни ученички активности | |
| Додатни ученички активности | |
| Дополнителни ученички активности | |
| Анализа на успех на учениците | |
| Договор за тестирања | |
| Училишни натпревари | |
| Посета на часови | |
| Формативно и сумативно оценување | |
| Примена на ИКТ во наставата | |

**Одговорен наставник: Сашо Донев**

Математика - Гордана Лазарова, Јорданчо Иванов, Благица Колева
Физика - Јорданчо Иванов
Биологија и хемија и природни науки - Анкица Тушева Мастева, Наталија Георгиевска
Географија - Стојан Атанасов
Техничко образование и информатика - Сашо Донев и Благица Колева

**ПРОГРАМА НА ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ ВО ООУ„Климент Охридски“- Облешево за учебна 2024-2025 година**

| АКТИВНОСТИ | РЕАЛИЗАТОРИ | СОРАБОТНИЦИ | ЦЕЛ-ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА |
|---|---|---|---|---|
| Состанок на тимот за дефинирање на активностите и предлози за програмата за работа на инклузивниот тим за новата учебна година | Тимот за инклузија | Тимот за инклузија | Изготвување на програма и планирани активности за оваа учебна година | Август, Септември |
| Изготвување на формулар за проценка на ученици со посебни образовни потреби | Тимот за инклузија | Тимот за инклузија | Идентификација на ученици со посебни образовни потреби | Септември |
| Подготвување на листа на ученици со посебни образовни потреби | Тимот за инклузија | Тимот за инклузија и одделенски наставници | Евидентирање на бројот на ученици со посебни потреби | Октомври, Ноември |
| Зајакнување на капацитетите на инклузивниот тим<br>-Обуки и презентации<br>-Формални и неформални средби или состаноци,<br>-Присуство на семинари, работилници, конференции идр. | Стручни лица и Тимот за инклузија | Тимот за инклузија | Зајакнати капацитети на инклузивниот тим | По потреба |
| Одржување обуки за наставниот колектив на теми поврзани за ученици со посебни образовни потреби | Тимот за инклузија | Тимот за инклузија НВО сектор, Стручни лица, | Запознавање на наставниот кадар со одредена литература која ќе им помогне во работата со оваа категорија на ученици, поттик на наставниците за одржување на работилници со учениците на часовите по Животни вештини | По потреба |
| Изработка на индивидуален образовен план(ИОП) за ученици со посебни образовни потреби | Одделенски раководители | Тимот за инклузија, наставници, НВО сектор | Помош на наставниците во работата со ученици со посебни образовни потреби | Август, Септември по потреба |
| Водење на досие за учениците со посебни образовни потреби | Тимот за инклузија | Тимот за инклузија, Наставници, Родители | Целосна слика и податоци за ученикот | Во текот на целата учебна година |
| Изготвување и примена на инструменти за набљудување на ученици со посебни образовни потреби | Тимот за инклузија | Интернет страни од училишта и институции кои што работат со оваа проблематика | Изготвен инструмент за набљудување | Август, Септември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Следење на напредокот на учениците, подршка на наставниците, подршка на родителите | Тимот за инклузија | Наставници, Родители | Следење на индивидуално напредување согласно можностите и способностите кај учениците со посебни образовни потреби, советодавно-консултативни разговори со родителите, наставниците | Континуирано |
| Соработка со други институции (Меѓуопштински центар за социјални работи-Кочани, Завод за ментално здравје, Завод за слух, говор и глас) и упатување на учениците кај други стручни органи и установи | Тимот за инклузија | Наведените институции | Помош на учениците со посебни образовни потреби од стручни лица и други установни во сработка со училиштето | По потреба |

**Инклузивен тим при Училиштето- Јорданче Костадинов – директор, Јасмина Данилова Давиткова-психолог,**

**Сузана Г. Јованова - наставник по одделенска настава, Благица Колева – наставник по математика и информатика, Кристина Јанева – родител, Анета Тасева -родител.**

## Програма за работа на заедница на паралелката

| Реден бр. | Содржина на работата | Цел | Време на реализација |
|---|---|---|---|
| 1 | Демократска процедура за избор на претседатели на одделението | Да се промовира демократска процедура на избор како претставник во Заедницата | Септември |
| 2 | Запознавање на членовите и избор на раковотство | Избор на раководство на заедницата на ученици | Октомври |
| 3 | Демократска партиципација наученицитe | Реализација на содржини од прирачникот за демократска партиципација на учениците во работата на училиштето од ПМИО | октомври-мај |
| | Решавање на проблеми од училишниот живот и работата | Разгледување и заземање на став по одредени прашања од работата на училиштето | по потреба |
| | Права и обврски на учениците (Секој претседател работи во сопствена паралелка) | Правата и обврските од ученички агол | Декември |
| | Разгледување на работата,заклучоци и препораки | Да се согледа работата од оваа учебна година со иницијативи за наредната учебна година | мај-јуни |

**ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ХОР И ОРКЕСТАР**

Часовите по Оркестар во училиштето се составен дел од предметот музичко образование и тие сочинуваат 3 наставни часа неделно или вкупно 108 наставни часа годишно.

Во Оркестарот учествуваат ученици од VI – IX одделение кои имаат примарни инструментални способности за изведба на одредени композиции на некој музички инструмент најчесто групно со придружба или без индивидуално. Учениците кои учествуваат во Оркестарот се бираат на Аудиција кој се остварува во првите наставни часови од почетокот на школската година.

Во ООУ„Климент Охридски“Облешево во оркестарот најзастапен инструмент е хармониката и оркестарот преставува Хармоникашки оркестар понекогаш во преидружба со други музички инструменти.

Годишната програма за Оркестар при ОУ „Климент Охридски“ Облешево се состои од седум наставни теми и тоа некои се по избор на учениците и наставникот а некои се задолжителни од здружението за просветни музичари.

| Ред. | Наставни теми | Број на часови | | | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Нови наставн | Друг вид на часови | Вкупно | |
| 1 | Аудиција | / | 3 | 3 | IX |
| 2 | Мелодиски вежби за десна и лева рака | 6 | 3 | 9 | IX,X,XI, |
| 3 | Народно македонско оро<br>- Правото оро<br>( повеќе гласна композиција) | 12 | 6 | 18 | X,XI,XII |
| 4 | Love story<br>- класична композиција (двогласна) | 12 | 6 | 18 | X,XI,XII,I,II |
| 5 | Народни песни | 12 | 6 | 18 | X,XI,XII,III,IV |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | - повеќе гласни композиции | | | | |
| 6 | Игра<br>- повеќе гласна композиција | 12 | 6 | 18 | X,XI,XII,V,VI |
| 7 | Песна задол.за смотри | 15 | 9 | 24 | I,II,III,IV,V,VI |
| | | | | | |
| Вкупен број на часови<br>во наставната година | | | | 108 | |

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ

Училишниот парламент е облик на организирање на учениците на ниво на училиште,а составен е од претседателите на заедниците

На паралелките во училиштето

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Ресурси(извори) | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Избор на претседател на ученичкиот парламент | Септември | Стручна служба | Прирачник,стручни материјали | Правилноспроведување на постапката за избор на претседател на УП и неговите тела |
| Изработка на годишна програма за работа и нејзино усвојување | Септември | психолог | Наставна програма од БРО | Донесување на програма |
| Значење на училишен парламент и избор на раководни и други тела | Септември | психолог | Годишна програма | Стекнување на едукативни придобивки за развој на демократските принципи |
| Разгледување на правилникот за педагошки мерки | Октомври | психолог | Правилник за педагошки мерки | Запознавање на учениците со Правилникот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работилница или предавање | Во текот на учебната година | психолог | Дискусија, изготвени материјали | Едукација на учениците |
| Одбележување на Патрониот празник на училиштето | Декември | Одговорни наставници за реализација на свечената програма | Дискусија, проби | Успешно реализирање на свелчената програма |
| Разгледување на полугодишен извештај на училишен парламент | Февруари | психолог | Извештаи | Поттикнување на креативно размислување |
| Договор за организирање и спроведување на Велигденски базар | Април | психолог | Изготвени анкети | Развој на претприемачки вештини и подигање на повисока свест за општествено корисна работа кај учениците |

| **ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИ ПАРЛАМЕНТ И УЧЕНИЧКИ ПРАВОБРАНИТЕЛ** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| СОДРЖИНА | ЦЕЛ | РЕАЛИЗАТОР | ВРЕМЕ | ЕФЕКТИ |
| - Формирање на ученички парламент | Демократско учество на уч.парламент во ВОП | -ученички парламент<br>-одговорен наставник<br>-психолог | Септември | Запознавање со должностите и одговорностите на уч.парламент |
| Разгледување на програмата | Демократско учество на уч.парламент во ВОП | -директор<br>-ученички парламент<br>-одговорен наставник<br>-психолог | Септември | Запознавање со должностите и одговорностите на уч.парламент |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Избор на ученички правобранител | Заштита и унапредување на правата на учениците | -ученички парламент<br>-одговорен наставник<br>-психолог | Септември | Запознавање со правата на учениците |
| - Предлози од учениците до стручните органи, информирање на учениците за одлуките донесени од стручните органи | учество во реализацијата на воспитно – образовниот процес | - ученички парламент<br>-одговорен наставник<br>-психолог | Учебна година | вклучување на уч.парламент во активностите што ги презема училиштето |
| -Запознавање и учество во реализација на проектните активности | учество во реализација на воспитно – образовниот процес | -ученички парламент<br>-одговорен наставник<br>-психолог | Учебна година | вклучување на уч.парламент во активностите што ги презема училиштето |
| - Учество во организациони активности во училиштето, културно-забавни активности, манифестации во соработка со Локалната самоуправа | грижа за училиштето и околината | -ученички парламент<br>-одговорен наставник<br>-психолог | Учебна година | вклучување на уч.парламент во активностите што ги презема училиштето и локалната средина |
| -Активности во врска со нашата училница, уредување на ходници, избор на најдобра училница | грижа за училиштето и околината<br>подобрување на ентериерот во училишната зграда | ученички парламент<br>-одговорен наставник<br>-психолог | ноември | вклучување на учениците во активностите на училиштето и родителите |
| -Организирање на активности за помош на загрозени ученици | искажување на нашата хуманост | - ученички парламент<br>-одговорен наставник<br>-психолог | Учебна година | подобрување на животот на загрозените ученици |
| -Запознавање со | активност за | - ученички парламент | | подобрување на успехот и |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| постигнатиот успех и поведение на ниво на одделение и училиште | подобрување на успехот | -одговорен наставник<br>-психолог | Учебна година | поведението на учениците |
| -Анализа на работата на одделенската заедница | резимирање на резултатите<br>грижа за училиштето и околината | - ученички парламент<br>-одговорен наставник - психолог | Учебна година | поголема ангажираност на учениците за постигнување на поголеми резултати |
| -Состаноци и разговори со родители, Совет на родители и Училишен одбор за различни прашања | следување на актуелната состојба и подобрување на истата | - ученички парламент<br>-одговорен наставник - психолог<br>-родители | Учебна година | подобрување на животот и работата во училиштето |
| -Дебатирање на теми од животот и работата на учениците во училиштето | следување на актуелната состојба и подобрување на истата | -ученици<br>-наставници<br>-родители | Учебна година | подобрување на животот и работата во училиштето |

## Распоред на часови за учебна 2024/2025година

| | ПОНЕДЕЛНИК | | | | | | | ВТОРНИК | | | | | | | СРЕДА | | | | | | | ЧЕТВРТОК | | | | | | | ПЕТОК | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| **Верица Иванова** | 6А | 7Б | 7А | 9Б | | 9А | | 9Б | 6А | | 7Б | 7А | 9А | | 9А | | 7Б | 7А | 9Б | | | | 7А | 7Б | | 6А | | | 9Б | 9А | | | | 6А | |
| **Викторија Керазиева** | 6Б | | 8Б | | | 8А | | | | | | | | | | 8Б | 6Б | 6Б | 8А | | | | | | | | | | 8Б | 8Б | 8А | 6Б | 8А | | |
| **Лидија Алексова** | | | | | | | | 8А | 9А | 9Б | | 8Б | | | 8Б | | | 9Б | | 9А | 8А | | | | | | | | | | | | | | |
| **Даринка Стојанова** | | | | | 8Б | 7А | | 7Б | 8Б | | 7А | | | | | | | | 7Б | 8Б | | | | | | | | | 7Б | 7А | | | | | |
| **Владимир Стојанов** | | | | 9А | 6А | | | 9А | 8А | 6Б | | 9Б | | | 8А | 9Б | | 9А | 6А | 6Б | | 6А | 6Б | 9Б | | | | 8А | | | | | | | |
| **Гордана Лазарова** | 7А | 9Б | 7Б | | 7А | | | 8Б | 7А | 7Б | 9Б | | 8А | | 7А | 7Б | 9Б | | 8Б | 8А | | 8А | 8Б | 7А | 7Б | | | | 8А | 9Б | | 8Б | | | |
| **Благица Колева** | 9А | 9А | | 6А | 6Б | | | | 6Б | 9А | 6А | ЕСАРУ | | | 6А | 6Б | 9А | | | | | 6Б | 6А | | | | | | 9А | 6Б | 7А | 7Б | 6А | | |
| **Драгица Николова** | | 7А | 8А | 7Б | 7Б | 7Б | | 7А | | 8А | 8Б | 6Б | 7Б | | 7Б | 7А | | 8Б | 9А | 9Б | | 9Б | | 6Б | | 9А | 8Б | | | | | 8А | 9А | 9Б | |
| **Стојан Атанасов** | 7Б | | | 7А | 9А | 9Б | | | | | | | | | 9Б | 9А | | 8А | | | 8Б | 8Б | | | 8А | 7Б | 7А | | | | | | | | |
| **Марија Петрова** | | 6Б | 6А | 8Б | 8А | | 9Б | | | | | | 9Б | 9а | | | 7А | 7Б | 6Б | 6А | 9А | 7А | 7Б | 8А | 8Б | | | | 6Б | 6А | | | | | |
| **Иван Богданов** | | | | | | | | | | 8Б | 6Б | 8А | 6А | | | | | | | | 9Б | | | | 7А | | 7Б | | | | 9Б | | 9Б | 9А | |
| **Ирена М.С** | | | | | | | | | | | | | | | 6Б | 6А | 8А | | | | | 9А | 9А | 9А | 9Б | 8Б | | | 7А | | 8Б | | 7Б | | |
| **Јорданчо Иванов** | | | | | | | | Б | Б | | 8А | 9А | 8Б | 9Б | | | | | | | | | 8А | 8Б | 9А | 9Б | | | | | | | | | |
| **Стојче Ташовски** | 8Б | 8А | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | 9Б | 9А | | | 9А | 9Б | | | |
| **Анкица Т.М** | 9Б | | 9А | 8А | 9Б | 8Б | | | | | | | | | | 8А | 8Б | | 7А | 7Б | | 7Б | 9Б | | | 7А | 9А | | | | | | | | |
| **Наталија Георгиевска** | | 8Б | 9Б | 6Б | | 6А | 8А | 6Б | 9Б | 6А | 9А | | | 8б | | | | | | | | | | | | | | | | 8А | 6А | 9А | | 6Б | |
| **Кристијан Лазаров** | | | | | | | | 6А | | | | | | | | | | | | | | | | 6А | 6А | | | | | | | | | | |
| **Сашо Донев** | 8А | 6А | 6Б | | | | | | | | | | | | | | | | | | | Б | Б | | | 8А | 8А | | | | 6Б | 6А | 8Б | 8Б | |
| **Александар Ангелов** | | | | | | | | | | | | 7Б | 7А | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Германски** | | | | | | | | | 7Б | 7А | | 6А | 6Б | | | | 6А | 6А | | 7А | 7А | | | | 6Б | 6Б | | 7Б | 6А | 7Б | 7Б | 7А | 6Б | | |
| **Христина Атанасова** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**ПРОГРАМИ ЗА ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ**

| Ред. Бр. | Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | За кого е наменета | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Избор на секции и наставници за оваа учебна година | Август | Ученици, наставници, Стручната служба и директор | Ученици, наставници | Покривање на поголем број на наставни предмети со воннаставни активности |
| 2. | Подготовка на применливи програми за воннаставни активности | Август, септември | Ученици и наставници | Ученици, наставници | Квалитетен избор на наставни содржини пропратени со интегрирани теми актуелни за локалната заедница |
| 3. | Реализација на применливи програми за воннаставни активности | Во текот на целата година | Ученици и наставници | Ученици, наставници | Збогатување на знаењата на учениците, отворање на нови погледи, остварување на меѓупредметните цели |
| 4. | Спроведување на училишни натпревари | Февруари, март | Ученици и наставници | Ученици, наставници | Мотвирање на учениците кон стекнување на повисоки знаења, истакнување на надарените ученици и учество на натпревари од повисоко ниво |
| 5. | Организирање и спроведување на екскурзии | мај, јуни | Комисија за екскурзии | Ученици, наставници | Стекнување на повеќе социјални придобивки, вештини, знаења |
| 6. | Организирање и спроведување на приредби | Октомври, ноември | Комисија за приредби, прослави и одбележување на значајни датуми | Ученици, родители, локална заедница, останати соработници | Сплотеност меѓу учениците, меѓу кадарот, информираност на различни субјекти од локалната заедница за постигнатите успеси и квалитетот на училиштето |

**ПРОГРАМА ЗА АНТИКОРУПЦИСКА ЕДУКАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ОД ООУ„КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ОБЛЕШЕВО**

**(Воннаставни активности по предметот Граѓанско образование)**

## 1. Општи карактеристики и цели на проектот

Проектот „Антикорупциска едукација за учениците од основните училишта“ има за цел да воспостави вредносен систем, кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Заменувајќи ги лошите навики и пораки со добри, и истакнувајќи ги позитивните примери, ученикот опфатен во проектот ќе може да ја препознае корупцијата и да се заштити од оваа негативна општествена појава.

Со мотото **„Корупција - ја сечеш гранката на којашто седиш“** се објаснува дека корупцијата не познава пол, вероисповед, нација, професија, возраст, граници, степен на образование, нагласувајќи дека таа е негативен дел од денешницата и од неа треба да се заштитиме.

**Програмата за антикорупциска едукација на учениците ќе опфати:**

а) предавања за запознавање на учениците со поимите, можностите за заштита и превентивно делување кон корупциските активности;

б) работилници за антикорупциска едукација на учениците, со чија помош истите ќе бидат ставени во активна ситуација, во која ќе земат учество;

в) пополнување на прашалници од учениците пред почетокот на проектот и по неговото завршување;

г) запознавање на пошироката јавност со активностите поврзани со борбата против корупцијата преку работата на учениците;

д) организирање на натпревар за учениците за најдобра творба поврзана со антикорупциската едукација;

Сите активности во проектот за учениците ќе им бидат прикажани на соодветен начин, односно на јазик и стил прифатлив за нивната возраст. Со различни интерактивни ангажмани, учениците ќе бидат ставени во активна улога, кои ќе имаат цел позитивно да влијаат на нив, и од нив да направат активни граѓани кои се носители на позитивни вредности.

## 2. Цели на проектот

Целоите кои ги вклучува програмата за антикорупциска едукација е тие да бидат запознаени со одредени поими односно преку одредени активности да разберат за корупцијата и антикорупцијата, да се анализираат ситуации, личности и настани поврзани со корупцијата, да се

стават во друга ситуација и преку совладување на материјата да станат активни граѓани, коишто ќе придонесат кон развојот на модерното демократско општество.

**Ученикот/ученичката е потребно:**

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;

- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;

- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;

- да ги препознава механизмите за спречување на корупцијата;

- да го сфати штетното влијание на корупцијата во општеството;

- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои таа делува;

- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на кој начин може да се спречи истата;

- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукација и

- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија.

Целите се разработени преку т.н. „Блумова таксономија“, односно при одвивањето на програмата ќе бидат развиени три нивоа на планирање реализирање и повратен одговор.

Трите нивоа се:

а) разбирање или препознавање - проста репродукција на знаења, како најниско ниво;

б) сфаќање или разбирање на поими, настани и сл., - како повисоко ниво кое бара мисловна активност на ученикот и

в) повисоки нивоа на знаења (анализа, синтеза и др.) - како највисоки нивоа на знаења, во кои ученикот ќе треба да употреби сложени мисловни процеси.

### 3. Поими

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

### 4. Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)

а) Носечка реченица:

**Корупција -ја сечеш гранката на којашто седиш**.

б) Други реченици посветени на корупцијата:

Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност.

Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои!

Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.

Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.

Со корупција сите плаќаат двојно.

## 5. Конкретни цели и активности

| Содржина | Цели | Вид на активност | Активности |
|---|---|---|---|
| Предзнаења за корупцијата и антикорупцијата | Да се согледаат предзнаењата на учениците | Прашалник за учениците | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |
| Причини и последици од корупцијата | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност; да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br>Да го сватат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна активност; дискусија; кусо предавање |
| Стекнување на основни занења за корупција и антикорупција | Да се запознаат со поимите корупција, антикорупција, интегритет, социјален притисок, етичност;<br>да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата; да ги препознаат механизмите за спречување на корупцијата;<br>Да го сватат штетното влијание на корупцијата во општеството;<br>Да ја сватата улогата на Државната комисија за спречување на корупција во Република Македонија и механизмите преку кои таа делува | Предавање и вежби | Предавање;<br>Power point презентација;<br>Дискусија;<br>крстозбор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Активна борба против корупцијата | Да се запознаат што значи „одолевање на социјален притисок“;<br>Да знаат за облиците во кои може да се појави корупцијата и начинот на спречување и заштита од истата;<br>Да ги препознаваат механизмите за спречување на корупцијата;<br>Да го сватат штетното влијание на корупцијата во општеството | Работилница | Говорна актвност;<br>Дискусија;<br>Кусо предавање |
| Активна борба против корупцијата: постери | Да се анализираат како и каде може да се појави корупцијата и како може да се спречи истата;<br>Да се стават во ситуација во која ќе имаат активна улога, преку која ќе разберат за антикорупција и за потревбата од едукација;<br>Да се стават во улога на активни граѓани кои ќе придонесат за развојот на граѓанската култура во современото општество | Работилница | |
| Утврдување на знаењата за корупција и антикорупција | Да се утврдат знаењата на учениците;<br>Да се види дали учениците научиле од проектот „Програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта“ | Прашалник за учениците и активности за повторување | Пополнување на прашалникот од страна на учениците |

Сите овие активности од програмата за антикорупциска едукација на учениците ќе бидат ре реализирани преку воннаставни активности по предметот Граѓанско образование. Оваа програма ќе ги опфати учениците од осмо одделение во ООУ„Климент Охридски“ Облешево, а активностите ќе се реализраат во текот на учебната 2024/2025 година.

Програма за секција по Физичко и здравствено воспитување од 6 до 9 одд. За 2024/25

| Наставни теми | Наставни содржини и активности | | Број часови | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|
| | 1. | Запознавање на учениците со целта на секцијата и избор на членови (самостојно определување) за формирање на секцијата | 1 | Септември |
| Фудбал | 2. | Воведување<br>“Научија играта преку игра” со потенцирање на правилата | 1 | Септември |
| Основна техника | 3. | Примање на топката со нога<br>- Со внатрешниот дел на стапалото<br>- Со среден дел на стапалото<br>- Со надворешниот дел од стапалото<br>- Со натколеница | 1 | Септември |
| | 4. | Примање на топката со гради и со глава | 1 | Септември |
| | 5. | Водење на топката со<br>- Внатрешниот дел од стапалото<br>- Средниот дел од стапалото<br>- Надворешниот дел од стапалото | 1 | Октомври |
| | 6. | Водење на топката “ Цик – Цак “ со удар на гол | 1 | Октомври |
| | 7. | Контрола на топката и техника на чување на топкат | 1 | Октомври |
| | 8. | Жонглирање | 1 | Октомври |
| | 9. | Движење со и без топка | 1 | Ноември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 10. | Трчање со топка<br>- Без пречки<br>- Со пречки | 1 | Ноември |
| | 11. | Удар на топка со нога<br>- Со внатрешниот дел од стапалото<br>- Со горновнатрешниот дел од стапалото<br>- Со средниот дел од стапалото<br>Со пета<br>- Со врвот на стапалото | 1 | Ноември |
| | 12. | Удар на топка со глава во двојки<br>- Од место<br>- Во движење<br>- Со скок | 1 | Ноември |
| | 13. | Покривање на играчи и простор | 1 | Декември |
| | 14. | Одземање на топка и пресечување на топка | 1 | Декември |
| | 15. | Додавање и прием ,пас и двоен пас и проигрување | 1 | Декември |
| | 16. | Пас , двоен пас и проигрување | 1 | Декември |
| | 17. | Шутирање на гол<br>- После додавање<br>- После нафрлена топка | 1 | Јануари |
| | 18. | Изведување пенал , изведување на корнер и поставување на “жив ѕид”. | 1 | Јануари |
| Специјална техника | 19. | - Волеј и полу волеј<br>- Маневрирање | 1 | Февруари |
| | 20. | Ролинг | 1 | Февруари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 21. | Дриблинг<br>- Со провлекување на топката<br>- Со ролање на топката<br>- Со враќање на топката меѓу нозе<br>- Со прескокнување на топката<br>Лажни движења – финта | 1 | Февруари |
| Голманска техника | 22. | - Техника на одбрана и движење без топка<br>- Техника на одбрана и движење со топка | 1 | Февруари |
| Тактика | 23. | Индивидуална тактика во одбрана<br>Дуели еден на еден | 1 | Март |
| | 24. | Зонска одбрана | 1 | Март |
| | 25. | Групна тактика во одбрана | 1 | Март |
| | 26. | Контра- напад | 1 | Март |
| | 27. | Пресинг – играч врз играч и екипа врз екипа | 1 | Април |
| | 28. | Индивидуална тактика во напад | 1 | Април |
| | 29. | Групна тактика во напад | 1 | Април |
| | 30. | Екипна тактика во напад | 1 | Април |
| | 31. | Игра - мал фудбал со модифицирани правила и задачи | 1 | Мај |
| | 32. | Избор на прва и втора екипа | 1 | Мај |
| | 33. | Подготовки за патронен празник | 2 | Мај |
| | 34. | Слобода игра | 2 | Јуни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ракомет | 35. | Селекција – Почетна селекција, прва селекција, натпреварувачки состав | 1 | Септември |
| Техника | 36. | Ракометни движења без топка<br>- Основен одбранбен ракометен став и движење во него<br>- Трчање<br>- Запирање | 3 | Септември |
| | 37. | - Скокови<br>- Паѓања и стануваања<br>- Паѓање назад | 1 | Октомври |
| | 38. | Ракометна игра со топка<br>- Држење на топката – со една, со две раце и со една рака со помош на другата<br>- Водење на топката<br>- Примање на топката – со натфат, со потфат, со кратка амортизација | 1 | Октомври |
| | 39. | - Додавање на топката – основни додавања, бочно додавање со поскок на замашната нога, борно додавање со пречекор<br>- Специфични ракометни додавања – додавање во висина на гради, со двете раце над глава, зад грб, во страна, фортхенд и бекенд, зад глава, помеѓу нозе, во скок | 2 | Октомври |
| | 40. | - Специфични удари на гол – липкинг, ерет, шрауба, цепелин, лобување, сув лист | 2 | Ноември |
| | 41. | Удар на гол – скок шут, од крило, од крило со отклон на трупот (ерет), од позиција на кружен напаѓач (пикер) | 2 | Ноември |
| | 42. | Финти<br>- Без топка<br>- Со топка<br>- Финта исчекор | 2 | Декември |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - Финта лажен удар на гол<br>- Финта ролинг | | |
| Голманска техника | 43. | - Елементи на голманска техника<br>- Ситуациски вежби на голамовиот тренинг | 1 | Декември |
| Тактика – тактика во одбрана | 44. | Индивидуална тактика во одбрана<br>- Одземање на топката<br>- Движење во одбрана<br>- Пресекување на топка<br>- Блокирања на топката<br>- Спречување на удар на гол<br>- Прекинување на нападот<br>- Следењето на играта | 1 | Декември |
| | 45. | Групна тактика во одбрана<br>- Групен блок<br>- Преземање<br>- Соработка со голман | 2 | Јануари |
| | 46. | Колективна (екипна) тактика во одбрана<br>- Идивидуална<br>- Зонска<br>- Комбинирана | 1 | Февруари |
| | 47. | - Човек повеќе во одбрана<br>- Човек помалку во одбрана<br>- Ситуациони тестови за усовршување на играта во одбрана | 1 | Февруари |
| Тактика во премин | 48. | Контра напад | 1 | Февруари |
| | 49. | Полуконтра - напад против наорганизирана одбрана | 1 | Февруари |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Тактика во нападе | 50. | Индивидуална тактика во напад | 2 | Март |
| | 51. | Групна тактика во напад<br>- Вкрстување<br>- Забодување<br>- Двојно проигрување<br>- Одвлекување<br>- Блокади<br>- Тактички комбинации | 2 | Март |
| | 52. | Изведување седмерец и изведување деветерец | 2 | Април |
| | 53. | Екипна (колективна) тактика во нападот<br>- Продолжен напад<br>- Напад на организирана одбрана<br>- Системи на игра во напад | 1 | Април |
| | 54. | Напад со човек повеќе и напад со човек помалку | 1 | Април |
| | 55. | Комбинации во напад<br>- Врз зонска формација 6:0<br>- Врз зонска формација 3:2:1<br>- Врз зонска формација 5:1 и 4:2<br>- Врз зонска формација со човек повеќе | 1 | Мај |
| | 56. | Подготовка за натпревар<br>- Примарни подготовки<br>- Секундарни подготовки | 3 | Мај |
| | 57. | Комплекс тренинзи на издржливост со техничко – тактички елемнти | 1 | Јуни |
| | 58. | Слободна игра | 1 | Јуни |

Воннаставни активности по македонски јазик за учебната 2024/2025

| Ред. број | Период на активност | Активност | Одделение |
|---|---|---|---|
| 1. | септември | Литературен конкурс по повод Денот на општината (литературна секција) | VI – IX |
| 2. | декември | Литературен конкурс по повод Патрониот празник на училиштето(литературна секција) | VI – IX |
| 3. | декември | Подготовка на приредба по повод Патрониот празник ( драмска секција) | VI – IX |
| 3. | декември | Подготовка на Новогодишна приредба (драмска секција) | VI – IX |
| 4. | март | Литературен конкурс по повод 8-ми март – Денот на мајката (литературна секција) | VI – IX |
| 5. | април | Одбележување на Светскиот ден на планетата Земја (литературна секција) | VI – IX |
| 6. | април | Литературен конкурс по повод Велигден (литературна секција) | VI – IX |
| 7. | во текот на цела година | Учество на литературни конкурси на локално и регионално ниво (литературна секција) | VI – IX |

Програма за додатна настава

| Содржина и активности | Време на реализација | Носители | Цел на активноста |
|---|---|---|---|
| Планирање и програмирање на додатната настава | Септември | Наставен кадар | Да се изготви планирање кои ќе овозможи проширување и продлабочување на знаењата на учениците од дадената област |
| Идентификување на ученици кои имаат потреба од додатна | Прво тромесечие | Наставен кадар | Евидентирање на ученици кои покажуваат интерес во дадени области |
| Соработка со ученици, родители, одделенски наставници и стручна служба | Во текот на учебната година | Наставен кадар, Стручна служба, Директор | Соработка при избор на ресурси и содржини при работа со надарени |
| Реализирање на додатна настава | По потреба на учениците | Наставник, Ученик | Учениците да умеатда бараат начини исредства за продлабочување на знаењата |

Програма за дополнителна настава

| Содржина и активности | Време на реализација | Носители | Цел на активноста |
|---|---|---|---|
| Планирање и програмирање на дополнителна настава | Септември | Наставен кадар | Да се изготви планирање кои ќе овозможи да се надминат тешкотиите во совладување на наставните содржини кај учениците |
| Идентификување на ученици кои имаат потреба од дополнителна | Прво тромесечие | Наставен кадар | Евидентирање на ученици кои имаат потешкотии восовладување на наставните содржини |
| Соработка со ученици, родители, одделенски наставници и стручна служба | Во текот на учебната година | Наставен кадар, Стручна служба, Директор | Помош и соработка при совладувае на наставните содржини |
| Реализирање на дополнителна | По потреба на | Наставник, | Учениците да се оспособат за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| настава | учениците | Ученик | совладување на одредени наставни содржини |

**Програма за изведување еднодневна екскурзија со учениците од III одделение**

**Мото:** Преку патување и дружење да ја запознаеме нашата татковина.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците со природната појава водопад;

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците за листопадна и иглолисна шума (даб, бука, бор, ела, јасен),

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците со животот и дејноста на луѓето во Струмичко - земјоделие, раноградинарски култури;

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците со легендата за Дојрана;

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците со живиот (растителен и животински) свет во Дојранското езеро;

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците со начинот и културата на живеење (туризам, риболов со помош на птиците корморани );

- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;

- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;

- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;

- Социјализација.

**Содржина и опис на активности:**

За релација на програмата на екскурзијата Облешево- Струмица-Колешино-Дојран- Облешево се планираат следниве содржини и активности:

| **Релација** | **Посетени места** | **Време на посета** | **Цел на посетата** |
|---|---|---|---|
| Тргнување од училишниот двор во с.Облешево, с.Чифлик, с.Кучичино | | 07:30 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Струмица-<br>с. Колешино | Колешински и Смоларски водопади<br>Манастир ,,Успени на Пресвета Богородица“ | 09:30 – 11:00 | -Запознавање и набљудување на Колешински и Смоларски водопади,Манастир ,,Успение на Пресвета Богородица“. |
| Дојран | Ручек во ресторан<br>Езерско крајбрежје | 12:30 – 13:30<br>13:30 – 15:00 | -Запознавање со неистечни води и природни езера во РМ.<br>-Животот и работата на луѓето од тој крај. |
| Враќање вос.Кучичино, с.Чифлик, с,Облешево, с.Теранци, с.Бања | | 17:00 | |

**Одговорен наставник, други вклучени наставници, ученици:**

Одговорен наставник: Силвана Мишкова, други наставници : , Елица Ивановска, Лепа Ефремова, Тамара Јованова од Централното и подрачните училишта(список во прилог),водич,лекар

**Времетраење на екскурзијата:**

Еден ден во месец Мај – од 7:30 до 17:00 часот

**Следење на реализацијата:**

Во текот на изведувањето на екскурзијата ќе биде следена реализацијата на планираните цели, односно содржини и активности. Ќе се приберат показатели за активностите на учениците, нивната мотивираност и ангажираност за учење преку истражување, соработка со другите.

По изведувањето на екскурзијата ќе се изготви извештај од страна на одговорниот наставник.

**Локации за посета и правци на патување:**

Тргнување: училишен двор с.Облешево –с.Чифлик –с.Кучичино

-Струмица - Колешински и Смоларски водопади, Манастир ,,Успение на Пресвета Богородица“

-Дојран – Дојранско Езеро

Враќање во с.Кучичино –с.Чифлик-с.Облешево- с.Теранци

**Техничка организација:**

Екскурзијата ќе се изведува со правни лица кои ги исполнуваат следните услови:

- Да се регистрираат според прописите во Република Македонија за вршење соодветна туристичка дејност.
- Да имаат успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности последователните три години.
- Да ги исполнуваат условите за превоз на групи деца, согласно Законот на безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца.

Ангажман на туристичка агенција- сместување,превоз,и исхрана, водич, лекар,како и посебното осигурување на учениците.
**Начин на финансирање:** Родител (старател) според условите на туристичката агенција и правилникот член 22.

**Програма за реализирање на дводневна екскурзија за VI одделение**

**Цел на екскурзијата:**Преку изведување на патување надвор од училиштето со непосредно набљудување и дружење да ги продлабочуваме знаењата за нашата татковина.

**Воспитно-образовни цели:**

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците со природната појава кањон и со пештера;

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците за голем број на ендемични растенија и животни ( ноќна пеперутка, кошанинова темјанушка, наталиеварамонда и многу други ендемити;

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците со начинот на живот во римско и доцноантичко време како и во средниот век;

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците за историјата на македонскиот народ од повеќе периоди;

- Запознавање и проширување на знаењата на учениците за многубројни верски објекти ;

- Запознавање и препознавање на наследството од повеќе култури и цивилизации кои учествувале во неговото создавање;

- Развивање љубов кон татковината и нејзините вредности;

- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;

- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;

- Социјализација.

**Содржини и опис на активности:**

За релација на програмата на екскурзијата Облешево- Пробиштип –Кратово –Крива Паланка –Скопје- Облешево се планираат следниве содржини и активности:

**Прв ден:**
-Состанок на групата и тргнување од Облешево во 07:30 часот
- Манастир Св. Гаврил Лесновски
-Големо градиште с.Коњух
**-**Манастир Св. Јоаким Осоговски
-Планински туристички центар ,, Калин камен''
-Кривопаланечка тврдина
-Спомен Костурница
-Посета на Меѓународниот аеродром Скопје
-Пристигнување во Скопје, сместување во хотел, вечера, ноќевање

**Втор ден:**
-Појадок 08.00-09.00
-Кањон Матка
-Манастир ,,Успение на Пресвета Богородица"-Матка
-Манастир ,,Св.Андреј"
-Скупи,
-Институт за духовно и културно наследство на Албанците,
-Римскиот Виадукт,
-Археолошки локалитет Тумба Маџари ,
-Скопско кале,
- Стара чаршија,
- црква Св. Спас,
-Посета на музејски комплекс Македонска борба,
-,Меморијален центар на холокаустот на евреите "
-спомен куќа на „Мајка Тереза " ,
-Природно научен музеј и
-ЗОО
- Враќање во Облешево до 20:00 часот

**Одговорен наставник, други наставници, ученици и други за спроведување на екскурзијата:**

Одговорен наставник Иван Богданов, наставник:Стојан Атанасов, Ирена М.Стојанова , ученици од шесто а и б одделение и 6 ПУ Кучичино од ООУ„Климент Охридски“ (список во прилог), водич,лекар.

**Времетраење:** Два дена во месец мај 2025 година

**Следење на реализацијата**

Во текот на изведувањето на екскурзијата ќе биде следена реализацијата на планираните цели, односно содржини и активности. Ќе се приберат показатели за активностите на учениците, нивната мотивираност и ангажираност за учење преку истражување, соработка со другите.

По изведувањето на екскурзијата ќе се изготви извештај од страна на одговорниот наставник.

**Локации за посета и правци на патување за дводневната екскурзија за шесто одделение за учебната 2024/25 година**

Според член 14 од Правилникот за реализација на екскурзијата согласно целите и времетраењето се избрани следните места , локации и објекти.

**1 ден**

| Релација | Локација | Време на посета | Цел |
|---|---|---|---|
| **Облешево - тргнување** | Училишниот двор | 07:30 | |
| **Пробиштип** | - Манастир Св. Гаврил Лесновски | 08:30 – 09:30 | -Запознавање и проширување на знаењата на учениците за верски објекти |
| **Кратово** | -Големо градиште с.Коњух | | |
| **Крива Паланка** | **-**Манастир Св. ЈоакимОсоговски | 10:00- 11:30 | - Запознавање и проширување на знаењата на учениците со начинот на живот во доцноантичко време и во средниот век; |
| | -Планински туристички центар ,,Калин камен’’ | 12:30- 15:30 | -Развивање интерес за природата и градење еколошки навики; |
| | -Кривопаланечка тврдина | ( организиран ручек ) | |
| | -Спомен Костурница | 17:30-18:30 | -Запознавање и проширување на знаењата на учениците за верски објекти, |
| **Скопје** | **-**Меѓународен аеродром Скопје | 19:00 | -социјализација и начин на однеување на аеродром |
| | -хотел | Вечера | |

**2 ден**

| Релација | Посетени места | Време на посета | Цел на посетата |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Скопје**<br><br>**Скопје**<br><br>**Облешево**–<br>пристигнување | -Кањон Матка<br>-Манастир ,,Успение на Пресвета Богородица“-Матка<br>-Манастир ,,Св.Андреј“<br>-Скупи,Институт за духовно и културно наследство на Албанците,Римскиот Виадукт, Археолошки локалитет Тумба Маџари , Скопско кале, Стара чаршија, црква Св. Спас,Посета на музејски комплекс Македонска борба, ,Меморијален центар на холокаустот на евреите спомен куќа на Мајка Тереза ,Природно научен музеј и ЗОО<br><br>Пред дворот на училиштето | 09.30-11.30<br><br>12:00-18:30<br>( ланч пакет)<br><br>до 20 часот | - Запознавање и проширување на знаењата на учениците со природната појава кањон и со пештера;<br>-Запознавање и проширување на знаењата на учениците за верски објекти<br>- Запознавање и проширување на знаењата на учениците со начинот на живот во римско и доцноантичко време<br>-Развивање интерес кон историските знаменитости и нивно зачувување од уништување<br>-развивање љубов кон сопствената земја<br>-Запознавање и препознавање на наследството од повеќе култури и цивилизации кои учествувале во неговото создавање;<br>- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања;<br>-Развивање љубов кон сопствената земја<br>-Запознавање и проширување на знаењата на учениците за историјата на македонскиот народ од повеќе периоди<br>- Поттикнување и исполнување на позитивни емоционални доживувања; |

**Техничка организација**

Ангажман на туристичка агенција- превоз, водич, лекар,исхрана, влезници(**ги обезбедува туристичката агенција**), посебно осигурување на учениците

**Начин на финансирање:** Родител (старател) според условите на туристичката агенција и правилникот член 22.

**Програма за реализирање на тридневна екскурзија за IX одделение и нејзини активности**

**Воспитно-образовни цели:**

-Запознавање со културните и историски знаменитости Стекнување на нови знаења и проширување на веќе стекнатите за природните убавини, културно-историските споменици, старите градби, цркви и манастири.

-Систематизирање на стекнатите знаења и емотивно доживување на минатото и природните убавини преку набљудување и посета на културно-историски споменици, верски објекти и музеи

развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;

**Содржини и опис на активности**

За релација на програмата на екскурзијата Облешево- Пробиштип –Кратово –Крива Паланка –Скопје- Облешево се планираат следниве содржини и активности

**Прв ден**

-Тргнување од с.Облешево и с.Кучичино во 7 часот;
- посета на Стоби во Кавадарци ,
- Горен Град и Маркови кули во Прилеп ,
- Крушево – Спомен куќата на Тодор Проевски, Споменик-Македониум**;** Мечкин Камен;
-Ручек во Крушево во 14h
- посета на Битола Спомен соба на Мустафа Кемал Ататурк и Историскиот музеј
-панорамско разгледување на градот Ресен и
-пристигнување во Охрид во доцните вечерни часови, сместување во хотел, вечера

**Втор ден**

-Запознавање со убавините на градот Охрид и околината, неговата архитектура, спомениците, набљудување на остатоци од стари градби, цркви.
-Доручек;
-Посета на Манастирскиот комплекс „Св. Наум Охридски “
-Ручек Разгледување на знаменитости во градот Охрид,
- Антички театар,
-Самоилова тврдина,
- Плаошник,
-Стар град,
-пристаниште ,
-враќање во хотел, свечена вечера и организирана забава за учениците со жива музика.

**Трет ден**

- Доручек ;
-Разгледување на знаменитости на градот Струга;
- разгледување на чаршијата,
- посета на „Природнонаучниот музеј“,
-посета на Вевчани, Вевчанските извори
,- Дебар манастир Св. Јован Бигорски**;**
-Ручек воМаврово и разгледување на „Национален парк“.
- Посета на градот Скопје кањонот Матка и куќата на Мајка Тереза, музеј на македонска борба.
- Пристигнување пред училиштето во с.Кучичино и с.Облешево

**Одговорен наставник, други вклучени наставници,ученици и други.**

Одговорен наставник **:** Благица Колева Наставници: Анкица Т.Мастева и Добре Јакимов, ученици од IX а,IX б(прилог список на ученици) од ООУ„Климент Охридски“ – Облешево,лекар,водич.

**Времетраење на екскурзијата** 3 дена и 2 ноќевања, мај 2025година

**Следење на реализација:**

Во текот на изведувањето на екскурзијата ќе биде следена реализацијата на планираните цели, односно содржини и активности. Ќе се приберат показатели за активностите на учениците, нивната мотивираност и ангажираност за учење преку истражување, соработка со другите.

По изведувањето на екскурзијата ќе се изготви извештај од страна на одговорниот наставник

**Локации за посета и правци на патување**

Според член 14 од Правилникот за реализација на екскурзијата согласно целите и времетраењето се избрани следните места , локации и објекти.

Облешево-Кучичино- Кавадарци –Прилеп- Крушево - Битола -Охрид-Струга- Вевчани-Дебар-Маврово-Скопје-Кучичино- Облешево

| ден | локација | цел |
|---|---|---|
| **1 ден** | Облешево, Кучичино<br>**Кавадарци**<br>- локалитет Стоби<br>**Прилеп**<br>-Горен Град и<br>-Маркови кули<br>**Крушево**<br>- Спомен куќата на Тодор Проевски,<br>-Споменик-Македониум;<br>-Мечкин Камен;<br>**Битола**<br>-Спомен соба на Мустафа Кимал Ататурк,<br>-Историски музеј во Битола<br>**Ресен**<br>**Охрид.** | -Запознавање со културните и историски знаменитости Стекнување на нови знаења и проширување на веќе стекнатите за природните убавини, културно-историските споменици, старите градби, цркви и манастири.<br>-Систематизирање на стекнатите знаења и емотивно доживување на минатото и природните убавини преку набљудување и посета на културно-историски споменици, верски објекти и музеи<br>развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности; |
| **2 ден** | **Охрид**<br>– Антички театар, -Самоилова тврдина, -Плаошник,<br>- Стари град<br>-,пристаниште;<br>- Св. Наум | -Запознавање со културните и историски знаменитости Стекнување на нови знаења и проширување на веќе стекнатите за природните убавини, културно-историските споменици, старите градби, цркви и манастири. |

| | | |
|---|---|---|
| **3 ден** | **Струга**<br>- Природно – научниот музеј,<br>**Вевчани**<br>– Вевчански извори;<br>**Дебар**<br>-Св. Јован Бигорски;<br>**Маврово**<br>-„Национален парк“.<br>**Скопје**<br>- кањонот Матка, куќата на Мајка Тереза, музеј на македонската борба<br>-**Кучичино- Облешево** | -Систематизирање на стекнатите знаења и емотивно доживување на минатото и природните убавини преку набљудување и посета на културно-историски споменици, верски објекти и музеи<br>развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности |

**Техничка организација**

- Ангажман на туристичка агенција- превоз, водич, лекар,исхрана, влезници(**ги обезбедува туристичката агенција**), посебно осигурување на учениците .
- **Начин на финансирање:** Родител (старател) според условите на туристичката агенција и правилникот член 22

**Програма за реализација настава во природа за V одделение**

**ООУ„Климент Охридски“ - Облешево**

Место: Кавадарци - Стоби, Фени, ХЕЦ Тиквеш, спомен одбележието 12 Ваташки младинци, Спомен куќата на Страшо Пинџур, Музеј на град Кавадарци, градски парк - Спомен костурница.

## ПЛАН ЗА НАСТАВА ВО ПРИРОДА

Оваа учебна 2023-2024 година училиштето,, Климент Охридски“ планира да реализира настава во природа која што ќе се одвива според Годишната програма.

### Значење на наставата во природа

Наставата во природа има значајна функција и е незаменлива во остварувањето на одредени цели од образовен и воспитен аспект и во остварувањето на естетско-еколошкото и здравствено-физичкото воспитание и социјализацијата на учениците.

Преку организирањето и реализирањето на оваа наставна форма на учениците од петто одделение им се овозможува изворно да се запознаат со предметите и појавите во природната и животната средина, тие непосредно да набљудуваат, проучуваат, восприемаат во природни услови и да ги демонстрираат во нивната оригинална димензија. Знаењата кои што учениците ќе ги стекнат преку наставата во природа ќе се потрајни, ќе имаат поголема практична применливост, функционалност и ќе претставуваат мотивирачки фактор за

проширување, продлабочување и поголема примена во натамошното образование. Кај учениците ќе се развие осамостојувањето, хуманизацијата, социјализацијата на односите меѓу половите, тие ќе се оспособат за живот во колектив, за извршувањето на поставените задачи, ќе се негуваат другарските односи. Преку запознавањето на природните убавини учениците ќе го развиваат чувството за доживување на убавото, кај нив ќе се формираат навики за спортување и рекреација, а со тоа ќе им се подобри физичката и психичката како и општата здравствена состојба.

Цели и задачи на наставата во природа

Основната цел која сакаме да ја постигнеме со изведувањето на оваа форма на настава е учениците да стекнат знаења, претстави и поими во природната средина, предзаењата и знаењата што учениците до овој период ги стекнале да се дополнат, дооформат, потврдат и систематизираат.
Ќе го збогатат своето искуство во откривање на нови знаења по македонски јазик преку усно и писмено изразување на своите доживувања и впечатоци од престојот во природа. Теоретски и практичнно ќе се запознаат и оспособат, преку истражувачки постапки, да прибираат, средуваат и претставуваат податоци, да мерат и пресметуваат должини во природни услови. Да цртаат во природа користејќи ги визуелното и тактилното чувство. Своите впечатоци да ги изразат преку песна. Кај учениците ќе се развие способност за набљудување, перцепирање, воочување на предметите и појавите, сфаќање на меѓусебните врски и односи во природата, а особено на човекот како дел од природата.
При тоа кај учениците ќе се воспостават блиски и непосредни односи меѓу учениците, подобро и посестрано запознавање на нивните индивидуални карактеристики и карактеристиките на ученичката заедница. Уште, учениците ќе се здобијат со работни и хигиенски навики и негување на хумани и другарски односи. Наставата во природа ќе придонесе за развивање на смислата за убавото,чување на природата,природните реткости и формирање на навики за организирано,културно користење на слободното време.

Подготовка
Со Годишната програма за работа на училиштето планирана е настава во природа со петтите одделенија, во согласност со родителите на учениците. На родителските средби родителите ќе одлучат дали да се изведе оваа настава во месец мај, а финансирањето ќе биде со самофинансирање на родителите. На оваа настава се очекува да присуствуваат 90% од учениците.
Ќе се водат индивидуални разговори со ученици и родители со цел поефикасна адаптација и социјализација на поедини ученици во колективниот живот.
Ќе се преземат напори да се обезбеди бесплатен престој на социјалните случаи.
За реализација на овој вид настава се врши и избор на наставни и технички средства и помагала кои ќе се користат при реализацијата на наставата и активностите .

**ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ :**

- Запознавање со природно-географските обележја на југоисточниот дел на Повардарието на Република Северна

Македонија, Кавадарци кој претставува центар на Тиквешијата;
- Проширување и продлабочување на знаењата на учениците за културното наследство;
- Поттикнување на ученичкото искуство за откривањена нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
- Развивање на љубопитноста (да поставува прашања и да дава соодветен одговор на нив);
- Оспособување за организација, комуникација, тимска работа, примена на стекнатите знаења во нови ситуации;
- Оспособување за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина,согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина;
- Истражување за растителниот и животинскиот свет како дел од животната средина;
- Проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривањена нови знаења преку организирање на истражувачки постапки;
- Развивање љубов и почит кон татковината,нејзините убавини и историското минато;
- Да се оспособува за активно учество во истражувања на минатото со помош на користење на различни извори;
- Меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики;
- Негување и развивање на индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста*;*
- Применување на техники за учење и поучување во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, експериментирање, споредување, истражување, анализирање);
- Развивање на естетски вредности, чување на природата, еколошка свест за флората и фауната и духовните богатства,
- формирање навики за организирано културно користење на слободното време.

***<u>ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:</u>***

- Учениците

-да се запознаат со убавините и историјата на својата татковина;
-да ги негуваат и почитуваат убавините и историјата на својата татковина;
-стекнатите знаења да ги продлабочат, утврдат, прошират и збогатат;
-да се здобијат со нови знаења и искуства;
-да стекнат конкретна претстава за некои изучени поими;
-да се развива другарството, меѓусебното помагање и соработка
-разликува културно-историски споменици и градби од подалечното и поблиското минатото;
-има развиена еколошка свест;
-има развиено чувство за другарството, меѓусебно помагање и соработка.

**Забелешка:** Воспитно образовните цели, задачите, содржините и активностите за време на наставата во природа, ќе се реализираат согласно распоредот на часовите за тие денови, како и целите од наставните програми.

Часовите од редовната настава ќе се одржуваат во времето од 10 до 13.30 часот. Организирано користење на слободното време е од 17 часот до 21.30 часот со игри, натпревари, квизови и прошетки до блиската околина.

| **ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА НАСТАВАТА, ВОННАСТАВНИТЕ АКТИВНОСТИ И СЛОБОДНОТО ВРЕМЕ** | |
|---|---|
| **1. ден** | |
| 07:30 | Тргнување од училишниот двор во ООУ„Климент Охридски“ – Облешево, Теранци, Чифлик, Кучичино |
| 10:00 – 11:00 | Попатно разгледување – престој во Стоби (набљудување) – дел од настава во природа |
| 11:00 – 13:30 | Пристигнување до местото за настава во природа – Кавадарци ( детско одмаралиште Михајлово)<br>Реализација на наставните содржини според План<br>**Историја и општество, македонски јазик, математика** |
| 13 : 30 -15:00 | Сместување во одмаралиштето, ручек и пауза за мал одмор |
| 15.00 -17.00 | Разгледување на градот Кавадарци, Спомен куќата на Страшо Пинџур |
| 17.00 -19.00 | Слушање и пеење народни песни |
| 19.00 - 20.00 | Вечера |
| 20.00 - 21.30 | Забавна вечер – игри, квизови, избор на пејачки глас |
| **2. ден** | |
| 07:00 – 08 :30 | Будење, утринска гимнастика, појадок |
| 09:00 – 13:00 | Подготовка, патување и пристигнување и разгледување - спомен одбележието 12 Ваташки младинци<br>Реализација на наставните содржини според План :<br>**македонски јазик, математика, ликовно образование, музичко** |
| 13:00 -13:30 | Враќање во детското одмаралиште Михајлово и подготовки за ручек |

| | |
|---|---|
| 14:00 -15:00 | Ручек |
| 15:00 -17:00 | Набљудување на градот Кавадарци - Музеј на град Кавадарци, градски парк - Спомен костурница<br>Реализација на наставните содржини според План -**ФЗО** (одење,трчање) |
| 17:00 -17:30 | Попладневен одмор |
| 17:30-19:00 | Реализација на активности според задолжителен **изборен предмет 2** |
| 19:00 -20:00 | Вечера |
| 20:00 -21:30 | Забавна вечер – избор на најубава маска, избор на најубава творба |
| **3. ден** | |
| 07:00 – 08:30 | Будење, утринска гимнастика ,појадок |
| 08:30 – 9:30 | Реализација на дел од наставните содржини според План –м**атематика, историја и општество** |
| 09:30 -10:00 | Подготовка и заминување |
| 10:30 -14:00 | Набљудување на - ХЕЦ Тиквеш , посета на Фени , фабрика Кожувчанка ( ФЗО – пешачење) |
| 15 : 30 -17: 30 | Реализација на наставната содржина според План во природа (кругот на Кожувчанка)<br>**македонски јазик, изборен предмет 2** |
| 17:30 | Враќање: **Кучичино, Теранци, Чифлик, Облешево** |

**Планирање на наставата по предмети:**

**Историја и општество**

| Содржини | Стандарди | Резултати од учење |
|---|---|---|
| **Праисторија и историја**<br>**1.час:** Археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава<br>**2.час:** Археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава | -Наведува и опишува познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава.<br>-Временски и просторно ги лоцира познатите археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава (на географска карта и на временска лента).<br>- Ги лоцира остатоците од поблиското и подалечното минато во околината на своето место на живеење | Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1.прави разлика меѓу основните видови историски извори и да наведува примери за секој од нив;<br>2.дава примери на познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава и да ги лоцира временски и просторно<br>Ученикот/ученичката сфаќа дека:<br>археолошките наоѓалишта се значајни за осознавање на историјата на светот |
| **Активности:** | **Средства:** | **Следење на напредокот:** |
| Учениците се во посета на археолошки локалитети и споменици во наведениот регион<br>-добиваат информации од стручни лица за локалитетот,<br>за остатоците кои таму се пронајдени,за времето од кога постои... Потоа следува посета на музејот каде се изложени пронајдоци поделени според временскиот период | - фото-апарат, ливчиња со белешки и податоци од посетени објекти,споменици и археолошки наоѓалишта<br>-Географска карта/ атлас<br>-Лаптоп, Временска лента<br>- работен лист | - Усни и писмени одговори на прашања<br>- Придонес во групни активности;<br>-Придонес во игровни активности; |

| | | |
|---|---|---|
| -запишување податоци на временска лента<br>Квиз-прашања | | |

**Македонски јазик**

| **Содржини** | **Стандарди** | **Резултати од учење** |
|---|---|---|
| 1.Опишување, прераскажување, раскажување и создавање кратки текстови<br><br>2.Самостојно опишување на споменик<br>-усно изразување<br>3. Раскажување по дадени тематски зборови<br>-писмен состав/текст | -Раскажува настан од сопствено доживување.<br><br>-Опишува пејзажи, објекти<br><br>-Креира текстови со едноставни композициски структури на слободна или зададена тема, почитувајќи го правилото за воведен, главен и завршен дел од текстот и следејќи ги правописните и граматичките правила. | **Ученикот/ученичката ќе биде способен/-на да:**<br>1. раскажува настани (усно и писмено) и создава текстови на зададена и на слободна тема.<br>**Ученикот/ученичката ќе развива:**<br>1.критичко мислење преку читање и анализирање текстови;<br>2.креативност преку писмено изразување. |
| **Активности:** | **Средства:** | **Следење на напредокот:** |
| Вежби за самостојно опишување;<br>Вежби за самостојно пишување писмен состав по зададена тема;<br>Вежби за составување текст по аналогија;<br>Вежби за писмено известување за посетата на...<br>Вежби за самостојно опишување на доживување | Хартија, фото-апарати,<br>Фотографии од објекти, споменици,<br>Фотографии од археолошки локалитети<br>-прибор за пишување<br>-записи, белешки и сл.<br>- тетратка | Пишани одговори<br>-Усни одговори на прашања во дискусија<br>-Придонес во изведување на заклучоците |

**Математика**

| Содржини | Стандарди | Резултати од учење |
|---|---|---|
| **Читање, собирање, организирање, средување и претставување податоци**<br>(столбест дијаграм, линиски дијаграм кружен дијаграм, мод/мода) | -Поставува прашање за собирање податоци.<br>-Средува собрани податоци во табела.<br>-Претставува податоци на столбест и линиски дијаграм.<br>-Интерпретира податоци претставени со табели и дијаграми.<br>-Објаснува што е мод и определува мод за дадени или собрани податоци | Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1.планира и реализира истражувања на прашања од секојдневен контекст;<br>2.ја проценува можноста да се случи одреден настан поврзан со даден експеримент |
| **Активности:** | **Средства:** | **Следење на напредокот:** |
| -собирање, селекција и организирање на податоци<br>- претставување податоци во столбест дијаграм, линиски дијаграм кружен дијаграм,<br>- одредување мод/мода | Листови со податоци запишани при посети, набљудување,<br>Разни видови дијаграми (столбест дијаграм, линиски дијаграм, венов дијаграм, кружен дијаграм, керолов дијаграм...)<br>компјутер, интерактивни бројни низ(прави)<br>Работни листови<br>Учебник, тетратка, прибор за работа | Усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>практичната изведба (на пример: мерења)<br>одговорите/решенијата дадени во работните листови, наставните листови и сл. |

**Физичко и здравствено образование**

| Содржини | Стандарди | Резултати од учење |
|---|---|---|
| **1.Гимнастичко одење /** Одење и пешачење во природа<br>2. Изведува правилна техника на висок/ низок старт и трча до 50 метри. | -Применува правилна техника на гимнастичко одење<br>- Изведува правилна техника на низок старт и трча до 50 метри. | Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1.разликува и применува правилни техники на висок и низок старт;<br>2.разликува и применува правилни техники |

| | | |
|---|---|---|
| 3. Штафетни игри – скокање, трчање, одење,потскокнување | - Изведува правилна техника на скок во далечина од место, трчање, одење,потскокнување | на скокања во височина и далечина; трчање, одење,потскокнување |
| **Активности и методи** | **Средства:** | **Следење на напредокот:** |
| **-**Утринска гимнастика;<br>-Организирано одење и пешачење во природа;<br>-Трчање, скокање | Штоперица,<br>Свирче,<br>Топка, обрачи, палки, | Практични изведби |

**Музичко образование**

| **Содржини** | **Стандарди** | **Резултати од учење** |
|---|---|---|
| **– Народно музичко творештво** :<br>Слушање и пеење народни песни -<br>„Ми заплакало селото Ваташа“ | Разликува карактеристични народни песни и народни игри/ора во Република Северна Македонија. | Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>-Го идентификува видот и карактерот на музиката која ја слуша<br>-препознава народни песни од Тиквешкиот крај<br>- Применува пеење во група |
| **Активности:** | **Средства:** | **Следење на напредокот:** |
| -Слушање и пеење на народни песни<br>Слушање народна песна според горенаведеното<br>-доживување, воочување и давање критика за песната и изведбата. | Лаптоп<br>Запис за песната | -Усни одговори на прашања<br>-Индивидуална практична изведба (пеење на народни песни)<br>-Практична изведба во група. |

**Ликовно образование**

| Содржини | Стандарди | Резултати од учење |
|---|---|---|
| Техники за цртање со различни материјали за цртање<br>– цртање по набљудување - отворен надворешен простор / споменик | Препознава видик и видикова линија во природата и ги користи во цртањето. | Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:<br>1.создава цртеж со користење нови техники (тушеви во боја, сенчење, контраст на линии со различен интензитет и сл.);<br>2.користи видикова линија, ритам, текстура и композиција во цртањето;<br>Ученикот/ученичката ќе:<br>1. развива способност за естетска проценка на цртежи. |
| **Активности:** | **Средства:** | **Следење на напредокот:** |
| Набљудување на непосредната околина, забележување простор (блиски и далечни објекти).<br>Во природата го забележува ритамот на формите и линиите. Ја забележува композицијата во непосредната околина. | блок, молив, гума,<br>пастел | -Усни одговори на прашања во дискусија<br>–практична изработка на учениците |

**Изборен предмет 2: Заштита на животната средина**

| Содржини | Знаења/вештини | Ставови и вредности |
|---|---|---|
| -Отпад, видови отпад, рециклирање<br>-Изработка на еко пароли | -Го разбира поимот отпад<br>-Може да ги идентификува/препознае видовите на отпад<br>-Умее да направи изработки од рециклиран материјал | -Смета дека треба да работи на подигнување на свеста за штетата од отпадот за животната средина<br>-Верува дека може да постигне повеќе во соработка со другите ученици |

| | | |
|---|---|---|
| | -Разбира што е рециклирање | -Разбира дека треба да се грижи за начинот на складирање на отпад |
| **Активности:** | **Средства:** | **Следење на напредокот:** |
| Учениците изведуваат собирна акција на отпад и негово складирање за почиста околина.<br>-селектирање<br>Пишување Еко пораки и пароли | -кесиња за собирање на отпад<br>- хамер, боички, | -Усни одговори на прашања<br>- практична изведба |

**Наставни методи техники и форми**

- Метод на набљудување, метод на истражување, метод на разговор, говорен метод (монолошки, дијалошки и метод на дискусија), илустративен метод, проектна работа, самостојна работа, демонстративен метод, метод на практична работа, метод на игра.
- Техника грозд, истражувачки активности, дневник со двоен запис.
- Фронтална, индивидуална, групна, во парови.

**Корелација на сите наставни предмети и интеграција на темите и подтемите .**

**Средства, инструменти, методи и постапки за вреднување**

Набљудување, белешки на наставникот, анегдотски белешки,чек-листи, дневен формулар за следење, **у**сни одговори на поставени прашања од наставникот, практични изведби, усни презентации, усна повратна информација, **н**аставни – листови изготвени од наставникот, лист за самооценување.

**Хигиена и здравје:**

- Одржување лична и општа хигиена;
- Норматив листа за јадења на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците;
- Стекнување здравствено-хигиенски навики и унапредување на здравјето.

**Културно и забавни активности:**

- Вечер на хумор и смеа; Избор на најдобар глас;Избор на најубава творба , Квиз натпревар.

***<u>ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ:</u>***

- Учениците
- да се запознаат со убавините и историјата на својата татковина;
- да ги негуваат и почитуваат убавините и историјата на својата татковина;
- стекнатите знаења да ги продлабочат, утврдат, прошират и збогатат;
- да се здобијат со нови знаења и искуства;
- да стекнат конкретна претстава за некои изучени поими;
- да се развива другарството, меѓусебното помагање и соработка
- разликува културно-историски споменици и градби од подалечното и поблиското минатото;
- има развиена еколошка свест;

Бидејќи се планира Наставата во природа да се изведе во 3 (три) наставни дена часовите од редовната настава по предметите природни науки, англиски јазик и техничко образование ќе се одржат во училиштето по распоред и договор со предметните наставници во деновите кога сме на училиште на редовна настава, односно за таа седмица ќе биде направен посебен распоред во зависност од времето кога ќе се биде изведена Наставата во природа (односно кои три дена во седмицата ќе биде спроведена наставата во природа).

Часовите од редовната настава и воннаставните активности (преку игри, квизови, натпревари, забави и прошетки во околината) ќе се одржуваат во различно време трите дена бидејќи се вклучува и времето на патување. За планираните наставни содржини ќе бидат изготвени соодветни подготовки за час.

Посета на локалитети, културно-историски обележја и атрактивни места во Тиквешијата, запознавање со дел од културно-духовното наследство во РМ, собирање податоци од направените посети на културно-историските споменици и обележја, институции, околината и природните убавини, организирање на спортски и други рекреативни игри;

**<u>Одговорен наставник</u>** : Мише Данилов

**<u>Наставници:</u>** Емилија Митева, Габриела Ангелова, Анета Илиева, Александра З.Панова.

**<u>Присутни ученици:</u>** Учениците од V одделение од централното училиште Облешево и од подрачните училишта од Кучичино, Чифлик, Теранци, Бања .

**<u>Времетраење и време на реализација:</u>** 3 дена / мај 2025

**<u>Следење на реализацијата :</u>**

**Анализа** по изведувањето на наставата во природа ќе се изврши анализа и ќе се поднесе писмен извештај од страна на одговорните наставници (најкасно до три дена)

**Локации за посета и правци на патување:**

Локацијата за изведување на наставата во природа ќе биде определена врз основа на понудата добиена од правните лица кои имаат дозвола да организираат настава во природа (Според Правилник за начинот на изведување на екскурзиите, излетите и другите воннаставни активности на учениците од основните училишта).

**Место на тргнување**

Во училишниот двор во ООУ„Климент Охридски“ –Облешево,Теранци, Чифлик, Кучичино.

**Место на престој**

Кавадарци- детско одмаралиште Михајлово

**Место на реализација на наставата**

Наставата ќе се изведува во местата кои ќе бидат посетени, во околината на објектот каде ќе бидат сместени учениците. Доколку временските услови не бидат погодни за реализација на наставата во природа, истата ќе биде реализирана во училница во склоп на објектот каде се сместени учениците.

**Техничка организација:**

Наставата во природа ќе се изведува со правни лица кои ги исполнуваат условите од последниот Правилник за начин на изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците од основните училишта:

- Да се регистрираат според прописите во Република Македонија за вршење на соодветна туристичка дејност
- Да имаат успешно реализирани најмалку три ученички екскурзии и други слободни активности последните три години
- Да ги исполнува условите за превоз на групи деца, согласно Законот на безбедност на сообраќајот на патиштата и Правилникот за посебни технички барања на возилата со кои се превезуваат групи деца

**Превоз** - Превозот ќе се врши со автобус (минибус)

**Сместување –**Потребно е да се обезбеди просторија за настава каде непречено ќе се реализираат активностите кои се планирани за постигнување на целите,односно просторија прилагодена за изведување на наставните содржини предвидени за настава во природа . За таа цел, дел од ресурсите ги обезбедува одговорниот наставник. Исто така, ќе ни бидат обезбедени простори за пријатен престој на учениците, со спортски објекти и терени во непосредната околина и истите ќе придонесат за успешно реализирање на спортско рекреативните активности и културен забавен живот на учениците.

**Начин на финансирање:**

Финансиските средства ги обезбедуваат родители/ старатели на учениците.

**ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНО-НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА**

**ЕДНОДНЕВНА НАУЧНА ЕКСКУРЗИЈА ЗА VIII ОДДЕЛЕНИЕ**

**Време на реализација: април-мај 2024-2025 год.**

**Учесници:** ученици од VIII одделение од ООУ„ Климент Охридски“ -Облешево

**Релација:** Облешево-Скопје-Облешево

**Место на тргнување:** училишниот двор на ООУ„Климент Охридски“- Облешево

**Превоз и патување:** превозот на учениците ќе се врши со автобус.

**Воспитно –образовни цели**

Реализацијата на оваа наставна екскурзија има општ воспитно-образовен карактер и е со цел повторување и утврдување на веќе стекнати знаења. Учениците со систематизираните и усвоените знаења за минатото и сегашноста, ќе придонесат во изградување на вредносен систем.

**Образовни цели и задачи**

- Да се утврдат основите знаења за научните настани, појави, процеси.
- Да се запознаат со остатоците на средновековието и нивното значење.
- Да се запознаат со разновиден растителен и животински свет во различни подрачја од нашата планета.
- Проширувања на знаењата на учениците по предметите Биологија, Географија и Природни науки.
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики
- Поттикнување и исполнивање на позитивни емоционални доживувања
- Проучување на природното богатство на Република Северна Македонија.

**Одговорен наставник** – Анкица Т.Мастева, друг наставник Наталија Геогриевска.
**Времетраење** Наставно-научната екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од VIII оддление , ќе се реализира во времетраење од еден ден.

**Следење на реализацијата**

Во текот на изведувањето на екскурзијата ќе биде следена реализацијата на планираните цели, односно содржини и активности. Ќе се приберат показатели за активностите на учениците, нивната мотивираност и ангажираност за учење преку истражување, соработка со другите.

По изведувањето на екскурзијата ќе се изготви извештај од страна на одговорниот наставник.

**Локации за посета и правци на патување**

Поаѓање во 7 часот и 30 минути од училишниот двор с. Облешево и тргнува кон Скопје. При пристигнувањето во Скопје го посетуваат Природно-научниот музеј, Зоолошката градина. По извршените посети учениците се упатуваат кон с.Кучичино и с.Облешево и пристигнуваат во попладневните часови.

**Техничка организација** Еднодневната екскурзија за учениците од VIII одделение ќе ја реализира авто-превозникот кој ги превезува учениците кои учат во училиштата во с.Кучичино и с.Облешево.
За безбедноста на учениците ќе се грижат одговорните наставници.
**Начин на финансирање** Наставно-научната екскурзија ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите и правилникот член 22.

## Програма за реализација на еднодневен есенски-пролетен излет за учениците од I до IX одделение

## ООУ„Климент Охридски“Облешево

**Време на реализација: октомври-мај 2024-2025 год.**

**Учесници:** ученици од I-IX одделение од ООУ„ Климент Охридски“ Облешево

**Релација:** Излетите се реализираа до најмногу 30km

**Место на тргнување:** училишниот двор на ООУ„Климент Охридски“ Облешево

**Превоз и патување:** превозот на учениците ќе се врши со автобус.

### ПОДАТОЦИ ЗА ИЗЛЕТОТ

### Воспитно –образовни цели

Со реализација на овој еднодневен излет, со забавно - рекреативен карактер, целта на овој излет е рекреација на учениците во природата, како и интерес за природата и градење на еколошки навики.

**Цели**

**Образовни**

- Да се утврдат основите знаења за историските настани, појави, процеси и личности од националната историја.
- Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и на другите народи.
- Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културните вредности.

**Задачи**

-Развивање, љубов кон татковината и нејзините вредности

-Развивање интерес за природата и градење еколошки навики

-Поттикнување и исполнивање на позитивни емоционални доживувања

**Социјализација**

-Развивање спортски потреби и навики како и сфакање на значењето на здравјето и здравите стилови на живеење.

**Одговорен наставник** – Одделенските наставници
**Времетраење**

Излетите со забавно-рекреативен карактер за учениците од I до IX оддление , ќе се реализира во времетраење од еден ден и се враќаат најдоцна до 14 часот.

## Локации за посета и правци на патување

Поаѓање во 7 часот и 30 минути од училишниот двор од с.Кучичино, с.Чифлик, с.Облешево,с.Теранци и с.Бања и тргнува кон најблиската околина (можни локации кои ќе се посетат се : излетничкото место ,,На Дабот “ и посета на манастирот Св.Илија, локалитетот ,,Баргала“, излетничкото место кај манастирот Св.Гаврил Лесновски с. Лесново, излетничко место кај манастирот Св.Пантелејмон с.Пантелеј, посета на Осогово туристички центар Пониква Осоговските планини ). Местото за излет го избираат учениците и наставниците по даден предлог и меѓусебен договор помеѓу нив.

## Начин на финансирање

Еднодневниот излет за учениците од I до IX одделение ќе биде финансиран од страна на родителите-старателите. Еднодневниот излет за учениците од I до IX одделение ќе ја реализира авто-превозникот кој ги превезува учениците од околните места кои посетуваат настава во с.Кучичино и с.Облешево.

За безбедноста на учениците ќе се грижат одделенските раководители на сите одделенија .

## Програма за еднодневна екскурзија за остварување на воспитни и образовни цели согласно развојните периоди за учениците од прво до петто одделение за посета на Музички детски фестивал

**Цел :**

-Прекупатување и дружење да го запознаеме главниот град во нашата држава

-потикнување развој на самостојност кај учениците, социјализација и колективна заштита

-Поттикнување на позитивни чувства (успешност, самосвест, позитивен однос кон стекнување на знаења,трајност на стекнати знаења)

-Едукација, другарувања, рекреација, ,изразување на впецатоци преку песна

-совладување и проширување на знаењата на учениците за животинскиот свет

**Задачи:**

-Набљудување, проучување и стекнување на нови знаења за животните и природните убавини.;

-Социјализација,колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

Градење на позитивен однос кон културните вредности(музиката).

**Воспитно образовни цели:**

-почитување на музичките традиции и културното наследство
-почитување на знаења и искуства на возрасните
-воспоставување, развивање и негување на пријателство
-почитување и љубов кон природата ,запознавање и почитување на животните
-љубов кон татковината

**Време на релизација:** Декември 2024година

**Наставници –** Јулка Димитрова, Силвана Мишкова, Сузана Г.Јованова, Лепа Ефремова, Мише Данилов, Јаворка Николова, Елица Ивановска, Габриела Ангелова,Емилија Петрова, Емилија Митева, Анета Илиева, Александра Златанова Панова и Тамара Јованова .

**Присутни ученици:** Учениците од прво до петто одделение

**Начин на финансирање:** Родители/старатели

## Дел I - Содржина на активностите

1.Посета на 52-от Фестивал на детската песна ,,Златно славејче 2025'

2.Посета на Зоолошка градина Скопје

## Дел II – Техничка организација

| Релација | Посетени места | Време на посета | Цел на посетата |
|---|---|---|---|
| Тргнување од Облешево | | 7.00 | |
| Скопје | .Посетана 52-от Фестивал на детската песна ,,Златно славејче 2023'' | 80.30 – 09.30 | Градење на позитивен однос кон културните вредности (музиката).<br>Изразување впечатоци преку песна |
| Скопје | Зоолошка градина | 10.00-12,00 | Набљудување, проучување и стекнување на нови знаења за животинскиот свет |

## Програма за организирање на крос

Еднодневен ученички крос за учениците од I до IX одделение во учената 2024/2025. Во составот на наставата по Физичко и здавствено образивание, а во согласност со наставната програма од БРО предвидени се есенски и пролетен крос за учениците од I до IX одделение. Кои ќе се реализираат од страна на наставниците по соодветниот предмет, а во соработка со останатите наставници, одделенски и класни раководители. Во активностите ќе бидат вклучени и лица од локалната самоуправа и припадници за одражување на јавен ред и мир.

Воспитно – образовни цели: -поволно влијание на психо-соматските особинин на младиот човек (подобрување на општата моторика со особен акцент на подобрување на срцето и срцево-садовиот и систем за дишење); -можност за конторла и самоконтрола на споменатата моторичка способност, истрајност како основен преставник на општата моторика; -психофизички развој на учениците, зајакнување на нивното здравје, изградување на навики за здрав живот и спортска активност како и правилно држење на телото;

Задачи: -со овие активности се развива љубопитноста, истажувачкиот дух, дружење со други одделенија, меѓусебна соработка, солидарност, другарство и слично; -развивање интерес и заштита на природата и еколошки навики; -социјализација, колективна заштита, развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење. Активности, подготовка и реализација:

-Наставниците по физичко и здравствено образование задолжени за реализација на крос активностите Драгица Николова, Христина Анастасова и Христијан Лазаров, согласно прописите и правилата за одржување на училишен крос ќе обезбедат соодветни улови и ќе подготви крос патека која ќе биде надвор од училишните простории, а во рамките на нашата општина.Согласно со прописите за јавен ред и мир и општинските исниституции (полиција и здравство) ќе бидат навремено обавестен со цел да бидат спремини и подготвени да реагираат доколку се појават одредени несакни и непредвидени проблеми. Учениците ќе бидат тековно и навремено обавестени со цел да се подготват и психички и физички за одржување на крос активностите и да си обезбедат соодветна спортска опрема.

**Програма за планирана екскурзија- посета**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Со кои ученици ќе се изведе екскурзијата | I – V одд. |
| 2. | Кога ќе се изведе екскузријата (посета) | Во тек на годината |
| 3. | Времетраење на екскурзијата | Еднодневна |
| 4. | Патен правец | Облешево-Виница-Облешево |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | Посетени објекти | Виничко кале, и Винчини развоен центар |
| 6. | Вид на екскурзијата | научна, и едукативна |
| 7. | Финансиски средства,извори за нивно задоволување | Самофинансирање од родителите на учениците |
| 8. | Цел на екскурзијата (посетата) | Запознавање со историските богатства и знаменитости / Едукативна посета |
| 9. | Одговорен наставник | Одделенските наставници |
| 10. | Мерки на безбедност | Пред поаѓање учениците ги информираме како треба да се однесуваат за време на екскурзијата посетата. За време на изведувањето на екскурзијата ако некој ученик се разболи или повреди должни сме да побараме лекарска помош од најблискиот здравствен дом |

**План за Саем на книгата**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Со кои ученици ќе се посетува саем на книгата | IV – IX одд. |
| 2. | Кога ќе се изведе саемот, Времетраење на саемот | Месец мај еднодневна<br>Од 15 октомври до 15 ноември, Еднодневна |
| 3. | Патен правец | Облешево-Скопје-Облешево<br>Облешево –Кочани-Облешево |
| 4. | Цел на саемот | Проширување на знаењата од областа на литературата |
| 5. | Финансиски средства, извори за нивно задоволување | Самофинансирање од родителите на учениците |
| 6. | Одговорен наставник | Верица Иванова и Викторија Накова |

**План за посета на Американско катче во Штип**

| | | |
|---|---|---|
| 1 | Со кои ученици ќе се посетува Американското катче | VI – IX одд. |
| 2. | Кога ќе се изведе посетата | 31 октомври, еднодневна |
| 3. | Патен правец | Облешево-Штип-Облешево |
| 4. | Цел на посетата | Проширување на знаењата |
| 5. | Финансиски средства, извори за нивно задоволување | Самофинансирање од родителите на учениците |
| 6. | Одговорен наставник | Даринка Стојанова, Добре Јакимов и Владимир Стојанов |

**Програма за ученички натпревари**

| Учен. натпревари по наставен предмет | одделение | Орентационо време на реал | Одговорен наставник |
|---|---|---|---|
| Математика | VI, VII, VIII, IX | Март | Гордана Лазарова, Благица Колева |
| Физичко и здрав. образование | VI, VII,VIII, IX | Март | Драгица Николова, Христина Анастасова, Христијан Лазаров |
| Техничко образов. | VI, VII, VIII | Март | Сашо Донев |
| Англиски јазик | VI, IX | Април | Владимир Стојанов |
| Spelling Bee натпревар по спелување | VI, VII,VIII, IX | Април | Владимир Стојанов |
| Физика | IX | Април | Јорданчо Иванов |
| Биологија | VII, VIII, IX | Март | Анкица Т. Мастева |
| Македонски јазик | IX | Мај | Верица Иванова, Викторија Накова |
| Хемија | VIII IX | Март | Наталија Георгиевска |

***АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА* МИО *ВО ОБРАЗОВАНИЕТО МЕЃУ ПАРТНЕР-УЧИЛИШТАТА ООУ„Климент Охридски“-Облешево и ОУ„Вера Цировири-Трена“-Дебреште***

| ЦЕЛ | АКТИВНОСТИ | НОСИТЕЛИ | РЕСУРСИ | ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | РЕЗУЛТАТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Професионална соработка меѓу наставниците со различни наставни јазици | Интегрирани часови со партнер училиштето, размена на искуства и иновација во наставата | Наставници<br>стручна служба | Електронска комуникација, средби | По договор во текот на учебната година | Соработка меѓу наставници со различни наставни јазици, размена на искуства и иновација во наставата |
| Запознавање со јазикот, куптурата, традиција на другите етникуми | Активности поврзани со литературата, историјата | Ученици, наставници, Стручна служба | интернет | Во текот на годината | Запознавање со јазикот, куптурата, традиција на другите етникуми |
| Претставување на свои традиционални јадења и запознавање со јадења од друга култура | Приготвување на храна и Саем на храна во духот на традиционални јадења | Членови на СИТ, Директор, наставници, ученици | интернет | 16 октомври | Запознавање традиционалните јадења од другите етникуми |
| Соработка, дружење, Прифаќање на меѓусебните сличности и почитување на меѓусебните разлики | Реализација на квизот „Заедно учиме“ и дебата „Образованието врата кон успехот“ | Членови на СИТ, Директор Наставници, ученици, | интернет | Април | Подобра комуникација и соработка изградени интергрупни релации, Прифаќање на меѓусебните сличности и почитување на меѓусебните разлики |

**Тим за МИО: Јорданче Костадинов – директор, Јасмина Данилова Давиткова- психолог, Благица Колева, Даринка Стојанова пред.наставници, Венцо Мишков, Мише Данилов одд.наставници и Стефан Коцев -училишен правобранител**

**ПЛАН ЗА ПОДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ И ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА РЕЗЛУТАТИТЕ**

| ***Содржини и активности на работа*** | ***Цели*** | ***Форми, методи*** | ***Соработници*** | ***Време на реализација*** |
|---|---|---|---|---|
| Информирање на наставниците за карактеристични особини на поедини ученици во новоформираните паралелки | Соодветно одвивање на наставниот процес во паралелките | Разговор<br>Консултации | психолог<br>наставници | септември |
| Регистрирање на оние ученици кои минатата учебна година биле проблематични во поглед на нивниот успех | Предлагање соодветни мерки за нивно мотивирање и надминување на слабостите во врска со нивните навики за учење | Групна<br>индивидуална<br>разговор | психолог<br>наставници<br>ученици | септември |
| Учество во идентификација на ученици со послабо развиени интелектуални способности | Предлафање форми и методи за работата со нив, а по потреба давање предлог за можна категоризација | Индивидуална<br>Психолошки мерни инструменти<br>Консултации | наставници<br>родители<br>Центар за социјална работа<br>психолог | септември - мај |
| Запознавање на учениците со условите и методите за успешно учење | Постигнување на подобри резултати во учењето | Групна<br>индивидуална<br>разговор | психолог<br>наставници | септември - мај |
| Реализација на советувања со родители и ученици според програмата пропишана од МОН | Стекнување увид во проблематиката научилишниот неуспех од страна на родителите и учениците, како и изнаоѓање методи за надминување на овој проблем. | Групно,<br>индивидуално | Психолог,<br>наставници | септември - мај |
| Работа со ученици кои имаат три или повеќе слаби оценки | Откривање на причините за слабиот успех и предлагање мерки за нивно надминување | Индивидуална<br>разговор<br>Психолошки мерни инструменти | наставници<br>психолог<br>родители | септември - мај |
| Работа со ученици кои манифестираат неприлагодено однесување (изостанување од наставата, пушење, агресивно однесување, деликвенција) | Одредување на факторите кои се причина за тоа и предлагање мерки за нивно надминување | Групна<br>индивидуална<br>разговор<br>консултации тимска | директор<br>психолог<br>родители<br>МВР | септември - мај |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Работа со ученици со посебни образовни потреби | Давање соодветна помош за постигнување на подобри резултати | Тимска<br>индивидуална | директор<br>психолог<br>наставници | Септември - мај |
| Следење на прилагодеността на учениците во новоформираните паралелки | Соодветно одвивање на наставниот процес во паралелките | Разговор<br>консултации | психолог<br>наставници | октомври,<br>ноември |
| Следење на континуитетот во оценувањето на напредокот и постигањата на учениците | Увид во оценувањето | Консултации | директор<br>наставници<br>психолог | октомври - јуни |
| Следење на учениците кај кои се утврдени воспитни потешкотии | Предлагање мерки за нивно надминување | Групна<br>индивидуална<br>разговор<br>консултации | директор<br>психолог<br>родители<br>наставници | февруари |
| Учество во сите форми на професионално советување на учениците од деветто одделение | Информирање на учениците за мрежата на училишта во РСМ и запознавање со разни видови професии | Разговор<br><br>консултации | психолог<br>од Биро за вработување<br>педагог | февруари - мај |
| Разговор со ученици кои третото тромесечје покажуваат намален успех | Откривање на причините за неуспехот и предлагање на мерки за подобрување на состојбата | Групна<br>разговор<br>индивидуална<br>советување | директор<br>наставници<br>психолог<br>родители | Март |
| Следење на континуираноста во оценувањето | Навремено евидентирање на оценките | Тимска<br>индивидуална | директор<br>психолог | Март |
| Разговори со родители на ученици кои основното образование ги завршиле со послаб успех | Информирање за можен избор на училиште соглсно можностите на учениците | Индивидуална<br>тимска | педагог<br>наставници | Мај |
| Работилници со родители заради советување на родители по различни основи | Изнаоѓање на заеднички решенија со родителите за подобрување на одредени карактеристики кај учениците заради кои се повикани на советување | Тимска<br>индивидуална<br>разговор<br>дискусија<br>изнаоѓање решенија | психолог<br>родители | Во зависност од периодот кога се одржува родителска средба или пријават од наставникот за неприлагодено однесување на учениците |

## ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРИЕНТАЦИЈА ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ОСМО И ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ

**Вовед:**

Програмата за професионална ориентација во основните училиште има за цел да им помогне на учениците и нивните родители, односно старатели при изборот на средното училиште, согласно особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Под поимот професионална ориентација се подразбираат збир на постапки, почнувајќи од информирање за можностите за образование и видот на професии, па се до индивидуално советување. Основна цел на програмата е поттикнување на учениците активно да учествуваат во фазниот процесен модел на професионална ориентација, да преземат одговорност за својата иднина, да се запознаат себе си и своите способности, насоките за образование и кариера, да се запознаат со светот на занимањата, промислено да донесат одлука за изборот на средно училиште/професија и на тој начин да постигнат успех во планирање на својата кариера.

Составни делови на процесот на професионалната ориентација се:

**ФАЗА 1. Самоспознавање:** да се поттикнат учениците да ги спознаат своите лични афинитети и капацитети, да градат реална слика за себе, да се оспособат за самопроценка и унапредување на капацитите за личен раст и развој;

**ФАЗА 2. Професионално информирање:** учениците да стекнат знаења за различни информациски понуди за видови училишта и професии, како и развивање вештини за активно и самостојно користење на расположливите информациски понуди ( развивање на дигитални и социјални компетенции);

**ФАЗА 3.Донесување одлука:**учениците кои учествувале во програмата за професионална ориентација да бидат оспособени самостојно да донесуваат одлука за избор на средно образование и идна професија.



## 1 –САМОСПОЗНАВАЊЕ

| **Активности** | **Цели** | **Носители на активности** | **Форми / методи на работа** | **Ресурси** | **Очекувани ефекти** | **Индикатори** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.1.**<br>*Откривам што најдобро можам да бидам*<br>,<br>*процену вам сам* | Поттикнување на учениците да ги согледаат сопствените капацитети, данаправат самопроценка<br>во поглед на интресите, афинитетите способностите, без разлика на пол, род и други способности | Стручна служба, наставник по граѓанско образоавние и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд | Бура на идеи<br>Дискусија<br>Самопроценка на сопствените афинитети и способнпсти | Наставен лист – моите слаби и јаки старни<br><br>Тест за интереси и способности | Учениците се свесни за своите капацитети и способности , да направат самопроценка надоврзат на правилен избор на видот на понатамошно образовцание | Проценети спсобности и професионални интереси на учениците<br><br>Споделени и интерпретирани резултаи од проценката со учениците од 9 одделение |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.2** *Интересите, способности, ставовите , целите пат до мојата идно образование / професија* | Поттикнување кај учениците свесностза своите личникапацитети, со цел информација за можностите кои ги нуди одредена професија која ја преферираат и опциите за избор на училиште кое најмногу им одговара. | Стручна служба, наставник по граѓанско образоавние и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд | Дебата-вредостите кои ја карактеризираат личноста во денешно време и нивното влијанието врз изборот на идно занимање /професија | Скала на вредности | Зајакнато чувство на сопствена вредност<br>Правилен избор на видот на понатамошно образование | Изработен постер за вредностите на личноста |
| **2 И 3 - ИНФОРМИРАЊЕ И ПРЕБАРУВАЊЕ ЗА ВИДОВИ ПРОФЕСИИ И МОЖНОСТИ ЗА ШКОЛУВАЊЕ** | | | | | | |
| **2.1** *Мрежа на средни* | Информации за средните училишта и | Стручна служба, наставник | Дискусија<br>Истражуавње на | Презентации флаери од средни | Соодветни информации за средните | Соодветен<br>избор на понатомошно образование |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *училишта на град Скопје* | кои можности за образование и вработување ги нудат | по граѓанско образоавние и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд. | можностите кои ги нудат средните училишта<br>Презентации на средни училишта | училишта<br>Конкурс за упис во средно училиште<br>Интернет поратли веб страни на училишта | училишта и можностите за образование | |
| **2.2**<br>*Мојата идна проефсија*<br>*(карактеристики и можности за идно вработување и* | Информирањенаученицитеи запознавање со релевантниинформации карактеристикиособеностинапрофесијатакојабимо | Стручна служба, наставник по граѓанско образоавние и иновации, раководители на паралелки | Онлајн истра-<br>жување за карактиристи-ки на различ-<br>ни професии од интерес на | Презентации, интервјуа на познати личности и нивните професии<br>Записи од интервјуа | Учениците се оспособени да извршат содевет избор на понатамошно образование во согласност со своите афинитети и способности | Изготвена брошура за карактеритиките<br>на различни професии:<br>Мојата идна професија-што сакам да бидам |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *напредување во кариерата***)** | желедајаизберат. | те од 8 и 9 одд | учениците<br>Онлјан посета наинституции, саеми на кариера, агенција за вработување и други институции од интерес на учениците | | | |
| **3.1**<br>*Патот до мојата идна професија* | Учениците да го осознаат патот за стекнување образование и професионална кариера кои водат кон постигнување | Стручна служба, наставник по граѓанско образоавние и иновации, раководит | Пишпани есеи<br>Дискусии<br>Работа во парови и групи-карактеристи-ки на | Работни листови за избор на идно училиште занимање | Учениците се запознаени со карактеристики на различни видови занимања<br>Учениците можат да | Пишани есеи<br>Пораки за важноста на правилен избор на занимање и последиците од несоодветен избор на професија/занимање |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | /остварување на посакуваното занимање | ели на паралелките од 8 и 9 одд | моето идно занимање | | направатсоодветен избор на идно занимање | |
| **4 - РЕАЛНИ КОНТАКТИ СРЕДБИ** | | | | | | |
| **4.1**<br>*Организирани средби со претставници од различни профили*<br>*(онлајн)* | Информирање на ученици за различни професии од страна на нивните претставници и на различни профили на професии | Стручна служба, наставник по граѓанско образоавние и иновации, раководители на паралелките од 8 и 9 одд<br>Родители од различни професии | Разговор<br>дискусија<br>Интервју | Подготовка за интервју<br>Прашалник | Учениците се запозаени со различни професионалци и од различни профили и нивниот животен пат и напредок во кариера | Записи од интервју<br>Анализа на прашалник<br>Изготвени кратки насоки за правилен кариерен развој и избор на професија |

| 5.ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
